СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Четвртото продолжение на Шеесет и третата седница на Собранието
на Република Македонија, одржана на 9 јули 1993 година

Скопје, јули 1993 година

**ШЕЕСЕТ И ТРЕТА (63) СЕДНИЦА, IV ПРОДОЛЖЕНИЕ 9.VII.1993**

1. АНДОВ СТОЈАН - 1
2. АНАСТАСОВСКИ МИТКО – 3, 34, 37
3. АЛИУ ХАМИД – 42, 92
4. АЈДАРЕГА ГАЗМЕНД – 44, 45
5. АНДОНОВСКИ ГОЦЕ – 80, 89, 103
6. АРСОВСКИ БРАНКО – 97, 105, 107, 121, 127
7. ГОЛУБОВСКИ ВДАДИМИР - 1
8. ГЕОРГИЕВ ПЕТАР – 17, 21, 32
9. ГОШЕВ ПЕТАР – 23
10. ЃОРЧЕВСКИ БОРКО – 112, 115, 117
11. ДИМИТРОВА РАТКА - 11
12. ИВАНОВСКИ СИМЕОН - 7
13. ИВАНОВ ЉУБИСАВ - 38
14, ИВАНОВ ИВАН – 42, 89
15. КОТЕВСКИ ЃОРЃИ – 6, 37
16. КЕЛЕШОВ РИСТО – 50, 54
17. КРСТЕВСКИ НИКОЛА – 94, 128
18. КОВАЧЕВСКИ СТОЈА - 120
19. ЛАЗАРЕВСКА БИЛЈАНА - 9
20. МИЦЕВСКИ ТРАЈАН – 26, 28
21. МАРКОВСКА ЃУЛИСТАНА - 79
22. МИТЕВСКИ ВЛАДИМИР - 123
23. НИКОЛОВ ЈОВАН – 74, 78
24. ПОПОВСКИ НИКОЛА - 12
25. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 9
26. СТОЈАНОВА СЛАВЈАНКА - 21
27. СТОЈАНОВСКИ НИКОЛА – 124, 125
28. САДИКУ ФЕРИД - 126
29. ТРПЕНОВСКИ ДИМИТАР – 41, 62, 102
30. ТОШЕВ БЛАГОЈ – 68, 70
31. ТОФОВСКИ ЈОВАН – 107, 114, 115, 117, 119, 122, 126, 127, 128
32. ЦВЕТКОВСКИ СТОЈМИР - 46
33. ЛАЗО ..... ДИРЕКТОР НА ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА 15

СЕДНИЦАТА ПРОДОЛЖУВА!

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од 4-тото продолжение на 63-тата седница на Собранието на Република Македонија одржана на 9 јули 1993 година

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Република Македонија (сала бр.1), до почеток во 10,30 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов претседател на Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да продолжиме со работа.

Пратениците Ристо Стаменов, Јордан Бошков, Димитар Поповски, Наќе Стојановски, Душан Трпчевски, Насер Зибери, Ламбе Арнаудов, Борко Горчевски, Никола Горѓевски, Никола Апостоловски, Димитар Димитровски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Господинот Владимир Голубовски има процедурална забелешка.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Почитувани пратеници, сакам да го изразам протестот заради тоа што деловнички не се постапува, а во врска со списоците кои што беа поставени денес на влезовите, веднаш да кажам дека јас во графата каде што стои моето име наместо потпис ставив"протестирам" и не мислам да се потпишувам на такви списоци заради тоа што тоа деловнички не е регулирано и заради една друга причина, заради тоа што Претседателството на Собранието на Република Македонија, во соработка со службите за обезбедување на секоја седница точно знае кој влегол и каде се наоѓа во зградата. Впрочем затоа и се одлагаат гласањата и тие паузи се случуваат. Значи во ситуација на бескрупулозно манипулирање со Парламентот не дозволувам моето лично достоинство надвор од Деловникот некој да си дозволува да ми го

симнува на ниво на обичен службеник.

Друго, ако владеачката коалиција не може да обезбеди кворум и да работи, нека се распушти Парламентот и нека се распишат пред-времени избори. Не може да се дисциплинира политичкиот противник и од нас да се бара ние да присуствуваме. Утре ќе се бараат списоци на тие што ќе гласаат против донесување на некоја одлука. Тоа не е демократија и тоа ме загрижува, тоа се први симптоми да се проба да се злоупотреби моќта во Парламентот на група и на поединци. Тоа ќе доведе до диктатура во Парламентот. Оттаму барам поддршка да одлучиме веднаш да се симнат списоците и никакви списоци понатаму до донесување на деловникот каде што ќе се одредат правилата на однесување на пратениците.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, само едно објаснување. Се разбира господинот Голубовски не беше присутен минатиот пат овде кога јас соопштив дека ќе направиме еден обид за поголема редовност на присуство на пратениците во салата и на точност на почнување на седниците. Имаме сериозни приговоци од јавноста, не е како ваква, или таква владеачка коалиција, или опозиција, туку приговори кои се однесуваат на извршувањето на основната задача на пратеникот да биде присутен во салата. Затоа јас на одреден начин без гласање го консултирав Собранието, немаше никаков протест, или противење кога го соопштив тоа и затоа тоа е сторено. Инаку, никакви дисциплинирања не се можни. Јас морам да ви кажам дека еве, луѓето од нас овде делегатите кои се во Европа, во парламентарните собранија, тие убаво знаат дека некаде мораат да се потпишат,кога стигнале, за во сала да влезат и т.н. да се пријават некоја евиденција секаде постои. Точно е, ние немаме

деловничка одредба сега така да се однесуваме, но не гледам дека има нешто што може да не забранува и што претставува ограничување во слободата на пратениците. Работата на пратениците е јавна, па дури е и присуството јавно, па дури и тоа евидентирањето на тоа кој е присутен е јавно. Вие знаете дека во повеќе парламенти во светот дури се соопштува месечно и кој како гласал и дали гласал, се обавестува јавноста, нивните избирачи да знаат фактички на кој начин се држат. Ние тие навики и тие однесувања веројатно постепено ќе ги воведуваме и ќе навикнуваме, ќе ги прифаќаме. Јас во тој случај сакам уште еднаш да кажам ако вие навистина го отфрлите овој мој обид, тогаш јас ќе ви се извинам и списоци веќе ќе нема, како што и досега немаше. Но, ако го при- фаќате како што јас имав впечаток:дека Собранието го прифати, тогаш во таков случај да продолжиме со таа пракса.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Начелно ја прифаќам сугестијата на господинот Голубовски и начелно ја прифаќам и забелешката на господинот претседател. Меѓутоа, не можам да сфатам една работа, почнувајќи од оваа страна, а завршувајќи до онаа страна како што ја викаат таа коалиција истите луѓе ве гледам тука. И на мојата страна ги гледам моите луѓе каде што припаѓам засега барем во таа ВМРО-ДПМНЕ истите луѓе кои доаѓаат и од Дебар, од Гостивар и незнам од каде, а многу од овие луѓе не гледам, не се смејте, затоа што ќе плачете, затоа што народот надвор плаче. Јас сум внатре во народот, Внатре во жилите, во крвта. Овие луѓе на либералната странка и независните кандидати јас незнам некој да отсуствувал, а и вие од партијата на СДС сте редовни, од ПДП-НДП понекогаш отсуствуваат. Од мојата партија отсуствуваат повеќе. Каде одат, што прават, зборувам за сите, не само за моите, што работат, како

работат, народот е најголемиот судија. А ние носиме такви закони, такви одлуки кои што зависат од нас, а утре сака да биде пратеник. Тоа не е луд овој народ да го гласа. Ако си гледа партиска работа, гледај си партиска работа, ако си меѓу луѓето ќе гледаш да ја завршиш работата на народот, а ние му служиме на народот преку законот.

Она што кажа Голубовски,начелно што реков, јас сум за тоа да постои тој список , но не да стане пракса, затоа што применувајќи го во пракса ние веќе преминуваме во едноумието и тука има опасност. И претседателот на Собранието не беше така ригорозен да се постави таков список, туку ние тоа го премолчавме

Значи, ние го прифативме. Тие што бевме 59, 60 пратеници кои што сме стално тука тоа го прифативме како добронамерно. Но, истите луѓе што не беа некни, истите не доаѓаат. Што треба од дома ли да одиме да ги земаме, или во претпријатијата каде што работат, или во тие приватни бизниси.? Значи не можам да го осудам ниту господинот Голубовски ниту господинот претседател на Собранието. Ние не сме дораснати уште за една демократија, не сме дораснати, кој не избра и зошто не стави тука? Да се напаѓаме? Не. Нас ни треба ред, дисциплина на сами себеси:-Ако не ни се вроди, тогаш јас сум рекол, народот ќе не суди. Јас реков дека ќе треба една железна метла и" да не избркаат, ама да не избркаат и нас што сме тука, греота е затоа што ние сме стално тука. Нека ги суди тие што не доаѓаат. Јас секогаш ги гледам истите пратеници и нема кворум овде, ги бараш по куќите. Каде ќе ги најдеш? Затоа ве молам една работа, може да се укине списокот како што кажа господинот Голубовски, тоа е наше право, дали ќе го укинеме или не, Меѓутоа, нека остане уште две седници, да видиме дали тие ќе се опаметат, дали ќе дојдат. Јас незнам со какво лице тие одат меѓу народот, било од која партија оди таму меѓу народот. Ама тој не доаѓа во

Собранието, што ќе го каже народот? Верувајте дека секогаш се присутни истите луѓе. Јас не сум отсуствувал. Еднаш побарав да отсуствувам и еднаш ме болеше главата, побарав од претседателот дозвола бидејќи главата ме болеше, а некогаш и болен седам тука. Не сакам да се правдам. Секој има по некои грешки. Како не гледа сега телевизијата, ајде кажете ми. Истите луѓе ги нема. За Владата ќе кажам неколку збора. Владата треба да биде присутна, незнам претседателот зошто не презема мерки за да ја обавестува Владата да биде тука, барем ако не сите, половината да бидат тука. Ако некој е навреден , нека си е навреден, нека си ја става увредата, но да не мисли зло на народот и на овој Парламент, затоа што некни ве пофалив дека сме добри луѓе и добри пратеници,дај боже да сме такви.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, колку јас што сум известен, вчера,минатиот пат, тоа беше во средата во 10 часот имаше пристигнато 16 пратеници. Денес во 10 часот имаше пристигнато 46 пратеници, во 10,10 часот веќе имаше 54 пратеници, после веќе во 10,15 сосема имаше доволно. Според тоа, сепак, има некој ефект. Друго да ви кажам, овие списоци не ги изедначуваат пратениците со службениците како што слушам дека некои коментираат овде од проста причина што списоците се поставуваат само кога имаме седница и тоа во 10,00 часот а не во 7,30 часот или во 7 часот како што тоа е за службениците. Меѓутоа, сепак,и ние имаме обврска да дојдеме да се одржи" седницата. Но јас сега натаму не би расправал, ако сакате таа точка да ја ставиме некогаш, да ја ставиме. Сега не е точка. Еден протест е од господинот Голубовски. Јас би сакал Собранието да се изјасни дали е прифатливо за пратениците да има списоци, или е неприфатливо за пратениците да има списоци кога имаме седница само.

I/6

**ГОРГИ КОТЕВСКИ:**

Особено, почитуван претседателе, почитувани дами и господа излегов заради една причина. Можеби ве служи памтењето добро, јас еднаш како пратеник согледувајќи ја ваквата состојба во Собранието и недоаѓањето на едни исти луѓе во овој Парламент на седници што не доаѓаат, овде искажав едно мое мислење и претседателот на Собранието буквално ме избрка од говорница, ми рече дека тоа не било деловнички,туку тоа било лично кај пратеникот да одлучува по својата совест, по она што е избран од народот да присуствува на седницата. Сега гледате ли каков парадокс? Тоа е права демагогија. Тоа за мене е....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Пак ќе ве замолам да ја напуштите говорницата.

**ГОРГИ КОТЕВСКИ:**

Тоа за мене е најголем нон сенс, затоа што јас ќе ги земам и стенографските белешки и ќе го прочитам тоа. Меѓутоа, јас сакам да кажам дека никакви списоци нема да респектирам, ниту ќе се потпишувам. Мојата должност и од мојата изборна единица што ме избрале јас достојно ќе ја вршам до рокот до кога треба да бидам во овие клупи, а инаку не сакам некој да ме манипулира три дена минатите седници, да собира по куќи луѓе со коли да ги носи овде да бидат потпретседател на Владата и министри на Владата и сега овде ми држи предавање дека ние треба да присуствуваме. Нека дојат повторно, нека ги собираат луѓето со коли што не доаѓаат овде цели три години во овој Парламент, а ние што сме дисциплинирани остануваме до крај принципиелни.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, секој може да си остане принципиелен и секој може да се држи како сака, но кога ве избрале, ве избрале за пратеници да се

учествува во работата на Парламентот. Бидејќи се соочуваме со тој проблем, јас овде реков дека не е предвидено во деловникот тоа, но ние треба да обезбедиме присуство. Ако не се согласувате, јас сега ќе го дадам на изјаснување, нема да има списоци. Тој што не сака, нека не се потпишува и инаку.

Кој е за тоа да останат овие списоци?

**СИМЕОН ИВАНОВСКИ:**

Почитувани пратеници, мене лично ниту ми сметаат списоците, ниту ми смета ако нема списоци. Го прифаќам и едното и другото, но во врска со ова што се отвори овде сакам да изнесам едно свое мислење бидејќи покрај тоа што ние пратениците веројатно мораме да признаеме дека правевме одредени пропусти со нашата нередовност да не можат седниците да почнуваат, јас сакам да укажам овде дека и Претседателството кога ги припрема седниците правеше огромни пропусти и доведе во ситуација да "пратениците^почнаа од прилика да се однесуваат така слободно. Ние доаѓавме, барем јас кога не доаѓам се најавувам, а кога доаѓам, доаѓам во 10,00 часот, а често пати се случувало по 2, или три часа се вртиме овде по ходниците и никој не ни соопштува зошто седницата не е започната и кога ќе почне. Така што често пати незнаејќи што да правиме ќе излеземе надвор по некоја друга работа и овде сме отсутни. Според тоа, јас би замолил, мене не ми сметаат списоците, ќе се потпишувам и сметам дека треба да ги поддржиме, но сметам дека ако седницата се закаже во 10 треба да се направи напор таа да почне во 10 часот не само заради пратениците, туку и од икс други причини. Често пати консултации, комисии требало да се одржат. Седница не треба да се закажува доколку комисиите немаат одржано седница. Не може во ист ден да се држат и комисии и седница.

Според тоа, седницата треба да се подготви и да се каже кога има услови да почне, а пратениците се обврзни во тоа време да дојдат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да не расправаме за тоа. Ако сакате, да расправаме. Покренето го тоа прашање и ќе расправаме. Морам да ви кажам стални напори се да не се држат седници на комисиите истиот ден. Претседателството сторило се со тоа што кога стигнува материјалот ви е доставен на сите членови на Парламентот и исто така и на претседателите на работните тела. Претседателот на работното тело е должен да си испланира седница на комисија благовремено, тој треба да одржи седници во разумен рок од приемот на материјалот, независно кога е седницата на Собранието. Според тоа, тој дел дали има, или нема, седници на работните тела сме го покревале кај претседателите на работните тела, а тие не информираат дека пратениците не доаѓаат на седниците кога нема закажано седница на Собранието, не доаѓаат на седниците на работните тела и нарочно ги одлагаат тие за да бидат тогаш кога се тука пратениците. И ве молам ако еден материјал кој треба да се уврсти во дневен ред уште не минал на работно тело не можеме да почнеме со седницата овде. Може господинот Ивановски навистина редовно да доаѓа, ама тој ќе мора да се обрати на своите колеги кои треба да учествуваат во работата на комисиите за да можат редовно да доаѓаат, да се заврши работата, за да можеме овде на време да почнеме. Инаку ние овде не можеме да работиме ако претседателите на комисиите не уредат материјалите на време да минат на нивните седници пред да бидат уврстени на дневен ред.

**БИЉАНА ЛАЗАРЕВСКА:**

Не се сложувам во целост со поклопувањето на седниците на комисијата и на Собранието, но во некои ситуации тоа е неминовно од причини што дел од нив ги објасни претседателот, а и заради тоа што ја градиме државата во која што закони стигнуваат знаете на ка- ков начин и како мора да ги донесуваме. Јас би сакала за списоците да кажам едно свое мислење. Нема да ги поддржам овие списоци ако немаат никаков ефект. За мене овој тип на списоци без понатаму да не кажам казнена одредба која што во деловникот ја нема, немаат никаков ефект. Ако овие списоци постојат да после две-три седници излезат во весник или се извести јавноста за тоа, јас го молам тогаш претседателот да не не става во една ваква непријатна ситуација,туку да даде изјава за јавноста бидејќи тој најповеќе знае кои 30-тина до 40 пратеници се секогаш во 10 часот овде и поединечно за тоа разговараме и со него и со сите пратеници. Затоа под наитно пред да се донесуваат едни вакви одлуки треба да се донесе деловникот на Собранието, во кој што ќе се регулираат ваквите одредби и каде што ќе постојат секако и казнени одредби, симнување на дневница и незнам друго што. А инаку вакви списоци без некоја обврска, освен морална обврска ништо друго не претставуваат, а еве гледаме дека немаме 120 пратеници во собраниската сала.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ние изгледа отвораме расправа по точка која не постои.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Точно е дека точката не постои, меѓутоа се наметнува обврска. Изјавувам од оваа говорница дека на три седници не сум бил присутен. Без никаков потпис 38 години обврските сум ги исполнувал без потпис.

Не знам што беше потреба ова сега да се јавува и наметнува. Јас и денеска потпишав затоа што сметам ќе има некоја ете по видување на претседателот на Собранието некаква обврска и бев уверен дека навистина денеска ќе присуствуваме пред 120, ќе се држи седница пред 120 пратеници. Меѓутоа, минимумот кворум пак е некаде 68, или 70 пратеници. Господа, не сакам обврска без обврска, не оти не сум послушен,не оти не сакам да има ред овде, туку сакам да кажам едно. Во Деловникот, а и Законот за избори пратеникот има права и обврски да присуствува на седниците. Ако има право тогаш ако му се даде само задолжителна обврска, што ќе стане со правото? Значи ќе го нема. Ако е само право да нема обврска, без обврска морална ни едното не постои ни другото. Во овој случај јас не сакам Парламентот како законодавно тело да има административно третирање, туку морално третирање. И затоа ако претседателот го стави сега Собранието да се изјасни за она што го немаме како обврска, ниту по деловник, ниту по моралниот дел нека Собранието се изјасни за недозволено. Нема потреба од вакви списоци.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, ако може да завршиме. Да се договориме по ова прашање.

**СТОЈАН АНДОВ**: (Продолжение)

Ве известувам дека сега е 10,50 часот и во салата присуствуваат 85 пратеници, а завчера во зградата во 11 часот имаше влезено 33 пратеници. Ние ефектот го постигнавме. Во таков случај нема да се водат списоци, но ве молам да доаѓате како што денес дојдовте на време. Понатаму не треба од тоа да правиме некој проблем ваков или таков. Целта е да го оспособиме Собранието да работи. Одиме понатаму. Има збор госпоѓа Димитрова.

**РАТКА ДИМИТРОВА:**

Бидејќи сум незадоволна од ваков заклучок јас во интерес на вистината сакам да кажам дека две ипол години ние пратениците доаѓаме, го полниме ресторанот и чекаме саати и саати, без никој да ни каже зошто се одлага седницата. Минатата недела си дојдоа пратениците, зедоа дневници и беше откажана седницата, си отидоа. Сите ние знаеме зошто беше тоа така и заради тоа мислам дека оваа работа со потписите е префрлување одговорност на пратениците. Пратениците доволно долго имаа трпение и мислам дека одговорноста не е во пратениците.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Повторно ви кажувам, и понатаму ќе има пауза и одлагаше доколку се потребни договори во комисиите и во пратеничките групи. А сега да не одиме во расправа и кој овде бил, имаше една сугестија претседателот да настапи и да даде изјава кои пратеници редовно ги посетуваат седниците, а кои се тие 40 што постојано отсуствуваат. Јас без изјаснување на тие пратеници со тоа што не би се потпишале на список

не можам да ги именувам. Немам право. Во тоа е работата. Но, ќе се заштитиме сите на овој начин, јас мислам дека беше добра таа идеа, не ми се допаѓа, нема да ја правиме, ќе видиме понатаму. Одиме понатаму.

Минуваме на **точката 32** - Извештај за остварување на средствата од игрите на среќа што ги приредува Лотарија на Македонија во 1992 година.

Извештајот и извештаите на Комисијата за финансирање и буџет и Комисијата за труд и социјална политика, како и мислењата на Владата ви се доставени односно поделени. Отворам претрес. Молам, кој бара збор?

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитувани пратеници, сосема накратко сакам да кажам за три работи во врска со овој извештај.

Прво, сосема сум незадоволен, ќе поддржам извештајот и ќе гласам за заклучоците кои се заеднички изготвени и поделени од страна на двете комисии кои го разгледувале извештајот на Лотарија, меѓутоа ќе констатирам дека сум сосема незадоволен од начинот на кој пишувачот на извештајот им се обраќа на пратениците и ги известува за сопствената работа во 1992 година, на само неколку странички без никакви посериозни анализи и посериозни податоци за средствата, за намените и за користењето, а кои знаеме дека не се мали средства. Мислам дека самиот однос да се напише ваков извештај до пратениците, на седум странички, од кои две странички се табели е потценувачки однос кон еден пратеник кој сака да го разгледа Извештајот на Лота-

рија на Македонија - особено во оној дел во кој постои законска основа за доделување на средства на корисници предвидени со Законот.

Сакам да поставам две прашања, можеби едното е поврзано токму со тоа што извештајот е така краток и не е елаборирано на- пишан. Со оглед дека извештајот не е гледан на комисиите во кои јас учествувам, од самиот извештај произлегува дека од вкупните приходи на Лотаријата 96% се распределени. Тоа се 72,86 за претпријатието и 23,5 на законските корисници. Останува нејасно каде се отприлика 4%, тоа се 3 кома нешто проценти од приходите на Лотаријата. Со оглед на масата на средствата што се собира, тоа не се средства кои што можат да се занемарат, можеби и верувам дека за тоа има објаснување но во извештајот тоа не е констатирано, па мислам дека е потребно да се даде објаснување.

Второ, поддржувајќи го извештајот на Комисијата за финансирање и буџет сакав и од овде да укажам дека ова Собрание треба што побрзо да до донесе Законот за игрите на среќа, затоа што во новонастанатата ситуација со промената на системот во Република Македонија, делот од корисниците на средства, не говорам за Лотарија на Македонија како институција, туку за оние кои ги користат средствата според законот, хуманитарни организации и други намени мислам дека веќе се претвораат во монополизирани ситуации кои ги користат средствата и дека треба сериозно да размислиме за положбата на Лотаријата. Таа мислам дека е сосема во ред, туку за корисниците на средства кои и во промената на системот останаа монополизирани корисници на средства, кои користат средства согласно со законот и длабоко сум уверен дека треба да размислуваме дека една работа се намената на средствата како тие ќе се користат за општествени цели, а сосема друга намена е кои корисници ќе ги добиваат тие средства, затоа што постојната

ситуација е дефакто монополизирана ситуација. Јас ќе наведам само еден пример, иако сум убеден дека средствата во овој момент, особено за 1992 година, имав и увид, убеден сум дека се користат максимално домаќински и со некаков фер плеј, меѓутоа, тоа е состојба во Законот која може да не продуцира домаќинско работење и фер плеј игра, па затоа пледирам до Собранието што побрзо да размислуваме за монополската состојба. Еден од примерите е следниот. Лотаријата одвојува средства за воспитно рекреативни активности на младите. Тоа се можеби не премногу големи средства, меѓутоа се средства кои не можат да се занемарат. Таквата структура на средства се дава да ги користи и со свои активности распределува младинскиот совет на Македонија. Ако целта на ова Собрание е, и на законодавецот тие средства да се користат за воспитно рекреативни активности на младите тогаш треба да се нудат програми од било кои во општеството и под тие програми овие пари да се користат за таа намена, воспитно рекреативните активности на младината, а нема потреба таа институција Младински совет да го монополизира користењето на таквите средства преку свои програми. Може некој друг што воопшто не е поврзан со таква работа да понуди програма за порационално и поефикасно користење на тие средства за истата намена. Така да мислам дека ефикасноста ќе се зголемува. За тоа Владата треба да размисли, мислам каде ќе го лоцира тој механизам. Дали во некоја државна, парадржавна институција или Лотарија. Тоа ќе треба Владата да ни го понуди во новиот закон и ние да размислиме да се согласиме или не со тоа, меѓутоа убеден сум дека таквата монополска ситуација не само на овој дел, јас го земав тој пример, меѓутоа уште на неколку институции кои користат средства за програми, меѓутоа го имаат монополот да само тие можат да го користат тој дел од средствата за тие програми. Тоа мора да се надмине со цел

да се отвори можност за поефикасно користење на тие средства, комплетната претприемачка активност на сите потенцијали во Република Македонија.

На крајот уште еднаш ќе кажам дека мислам да Собранието не заслужува ваков извештај од Лотарија на Македонија за толку големи средства.

(Со седницата продолжи да заседава потпретседателот Џеладин Мурати).

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Молам, кој друг бара збор?

Има збор директорот на Лотарија на Македонија господин Лазо.

**ЛАЗО____________ :**

Почитувани пратеници, јас немав намера да реплицирам меѓутоа, морав за волја на вистината да кажам две работи.

Не станува збор за некој потценувачки однос на Лотарија, па и Советот на Лотарија визави пратениците, туку станува збор за нешто друго. Лотарија на Македонија има исцрпен годишен извештај за својата работа со сите можни работи. Тој годишен извештај е доставен до Советот на Лотарија на Македонија и го имаат на увид сите членови на Лотарија на Македонија. Овде станува збор за Советот на Лотарија на Македонија што со законот на игри на среќа е овластен да ја врши распределбата. Тој е надворешен совет, тоа не е Работничкиот совет на Лотарија на Македонија. Негова пак законска обврска е до Собранието да достави Информација за тоа како се вршела распределбата. Само тој сегмент од работата на Лотарија на Македонија, како е вршена распределбата по законските корисници. Тоа е така за да се обезбеди

една јавност повеќе, бидејќи законските корисници на Лотарија на Македонија се социјална заштита, хуманитарни организации, тоа се 14 - 15, Црвениот крст, Народна техника, Младината, и тоа Младината во делот каде што се инвестира за рекреативни научно - истражувачки дејности на младите. Тоа е накратко речено за она што беше обврска и на Советот, сега зборувам како член на Советот на Лотарија и затоа можам така и да истапувам.

Што се однесува до втората забелешка, за тоа дали корисниците на средствата имаат монопол во реализација на тие средства морам да кажам дека тоа стои, може да се дискутира, има елементи за кои што може да се разговара, меѓутоа Законот е закон. Законот вели Лотарија на Македонија, Советот ги распоредува средствата и ги уплаќа на таму стои на кого ги уплаќа тие средства.

Во врска со младината морам да кажам бидејќи во меѓувреме потполно се измени ситуацијата, се измени организацијата на младината во Републиката, ние баравме официјално толкување од Министерството и од младите да кажат кој е сега сукцесорот, кој е правниот наследник на тоа што се подразбираше подмладина, дотолку повеќе што станува збор за рекреативни и научно - истражувачки активности. Добивме официјално известување дека е тоа младинскиот совет и ние не можеме поинаку отколку следејќи го законот ги адресираме на корисникот. Имаме и други забелешки од овој тип, да речеме средствата за хуманитарните организации, кои ги има 14 - 15 одат на сметка на Републичката конференција на СХО. Така да додека законот не се измени поинаку и не може х;а се работи. Тоа беа објаснувањата ако можат да ви помогнат.

II/7

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Молам, кој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на заклучокот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (62 пратеника).

Дали има некој против? (1 пратеник).

Дали некој се воздржува од гласаше? (Никој).

Констатирам дека Собранието го усвои заклучокот.

Минуваме на точката 33. - Извештај за работата на Народната банка на Република Македонија за 1992 година.

Извештајот за работата на Народната банка и Извештајот на Комисијата за финансирање и буџет, како и Мислењето на Владата ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

**ПЕТАР ГЕОРГИЕВ**

Почитувано Претседателство, почитувани пратеници, поаѓајќи од уставната определба во член 60 дека Народната банка е самостојна и одговорна за стабилноста на валутата, на монетарната политика, за општата ликвидност и плаќањата, значи платниот промет во Република Македонија и обврските Народна банка на Македонија на Собранието да му поднесува извештај за остварувањето на кредитно - монетарната политика сметам дека би требало во овој момент разгледувајќи го извештајот за работата за 1992 година на Народната банка на Македонија да укажеме на одредени обврски што претстојат, само на овој начин можеме на одреден начин да дадеме и право делот на остварувањето на кредитно- монетарната политика во Републиката.

II/8

Со економското осамостојување на Република Македонија што се оствари на 26 април 1992 година Македонија дефинитивно се одвои од монетарната зона на дотогашниот југословенски динар. Сметам дека тој чин беше направен во прав момент од причина што денес кога се враќаме назад на состојбите што се наоѓаат во одредени републики од Бившата Југославија можеме да заклучиме дека основниот фундамент уште тогаш е ставен во делот на креирањето на нашата кредитно - монетарна политика.

Политиката за политичко и економско осамостојување што беше остварена на мирен и демократски пат практично овозможи на еден организиран начин да се води и кредитно - монетарната политика во Република Македонија. Во последно време, последните 2 месеци нај-многу се зборува за остварувањето на каматната политика и како една од мерките што е оставена за обврска на Народна банка на Македонија сметам дека не до крај е изведена од причина што во последните 2 месеци имаме реакции од повеќе субјекти во делот на водењето на каматната политика, како една од мерките што НБМ ја има како обврска

Во услови кога имаме намалено индустриско производство посебно во индустријата кое што се регистрира со некаде околу 17,2% во однос на минатата година и штетите што се со голем интензитет од мраз и од суша во земјоделските комбинати кои што користеа повеќе кредити по разни основи, сметам дека ненавремено стопанските односно деловните банки делуваа во делот на остварувањето на реални каматни стапки во делот на користените кредити од стопанските субјекти. Ова посебно го истакнувам од причина што го заземаат курсот на тоа да го заштитат својот капитал а во основа го загрозија опстојувањето на повеќе стопански субјекти, а посебно поголемите или земјоделските комбинати кои што во овој момент сигурно ќе покажат големи негативни финансиски резултати токму од причина што каматната стапка не беше одреден

начин коригирана во право време и високо учество во доходот на стопанските субјекти имаше. Сметам дека тој дел на водењето на каматната политика требаше поагресивно на одреден начин да го постави Народна банка и на одреден начин да биде координатор во делот на водењето на таа политика, а да не остави само на банките да водат една таква политика од причина што банките засега во својот дел на управувањето ги имаат големите должници, кои што на одреден начин и се принудени да прифаќаат одредени решенија што ќе им бидат понудени од управните органи посебно од раководните структури во деловните банки.

Посебно е потцртано и во делот на мерките на кредитно - монетарната политика, посебно во делот на монетарната политика, делот на рефинансирањето на банките, во делот на користењето на средствата од примарната емисија. Сметам дека до крај ни ка-^стопанските субјекти не е елабориран ефектот што ќе се одрази со промената во политиката на користењето на примарните пари. Уште голем број стопански субјекти немаат сумирано какви негативни ефекти ќе има промената и како ќе излезе, со кои мерки ќе излезат за да ги надминат состојбите посебно стопанските субјекти што не се опфатени сега со делот на креирањето на политиката за кредитирање со примарни пари.

За задолжителната резерва делот од информациите има исто така негативно влијание кај банките, бидејќи и таа нерамномерно најверојатно е следена како обврска за почитување на обврската што Народна банка ја применува према деловните банки во делот на задачата, а тоа е основната задача на Народна Банка во креирањето на монетарното регулирање на контролата во делот на кредитниот потенцијал на банките, или контролата на количеството на пари. Исто така банките реагираат, па во делот на заострена, или на одреден начин кредитно –

монетарна политика, во делот на остварувањето на задолжителната резерва. Јас излегов на говорницата посебно и да го прашам предлагачот на годишниот извештај, посебно во делот на точката каде што се обработува каматната политика, бидејќи нелогично ми е на одреден начин едно такво оформување во првиот дел од извештајот, во делот на каматната политика каде предлагачот искажува дека поради институционалната поставеност на стопанскиот систем и дефекното реагирање на стопанските субјекти, сметам дека нелогично е реагирањето на стопанските субјекти на промените на каматните стапки, на каматниот механизам на НБМ во 1992 година, не беше во функција на регулирање на понудата и побарувачката на примарни пари.

III/1 СС/ЛБ

**ПЕТАР ГЕОРГИЕВСКИ:** (продолжение)

Сметам дека овој сегмент треба и понатаму да се разјаснува и сите влијанија што остануваат најверојатно до крај да се разјаснат, бидејќи познавајќи го тој дел на материјата што се регулира воделот накреирањето на кредитно - монетарната политика, во основа таа е во голема зависност од делот на производството,домашната потрошувачка и од движењето на цените што се во делот на тие 2 сегмента и оттаму креирањето на кредитно - монетарната политика.

На крајот, во основа поддржувајќи го Годишниот Извештај на Народната банка, што сметам дека е доста стручно направен, за прв пат пред Собранието се разгледува како самостојна банка, самостојна емисиона банка, сметам дека веќе би требало Собранието да изгради свој однос кон одлуките на НБ и во делот на креирањето на одредени мерки мора да си изгради еден политички консензус, затоа што само со стабилност во кредитно монетарната политика можеме да очекуваме и стабилни односи кај стопанските субјекти.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Збор има госпоѓа Стојанова.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Почитувано претседателоство, почитувани пратеници, сакам само да ги изнесам мислењето на Комисијата за финансирање и буџет која го разгледа овој годишен извештај на НБ на РМ и врз база на расправата исто така има одредени заклучоци што ги предлагаме Собранието да ги усвои од денешнава седница, заедно со Годишниот извештај.

Комисијата го разгледа Извештајот и при тоа констатира дека во него реално се прикажани показателите за остварените монетарно - кредитни движења во 1992 година. Тоа е првото и основното што го заклучи Комисијата.

III/2

Второ, исто така на Комисијата беше констатирано дека во кредитно - монетарната политика се остварени поставените задачи во однос на паричната маса за 1992 година. Тоа е втората констатација.

Понатаму, во однос на девизната политика за 1992 година, во Комисијата беше констатирано дека се остварени во незаокружено системско регулирање што го имавме во 1992 година во однос на надворешни - трговското работење како последица на непостоење на девизен пазар, релативно ниско ниво на курсот на денарот и обврската за издвојување 30% од остварениот девизен прилив што се плаќаше во денарска против вредност по официјалниот курс на денарот спрема странските валути.

Наредна констатација што беше искажана на Комисијата и за што имаше најмногу расправа, е прашањето во однос на висината на каматната стапка, каматните стапка на деловните банки што во овој период се доста високи во однос на есконтната стапка на НБ. Иако е ова извештај за 1992 година, по повод овој извештај и тоа беше констатирано и тоа е еден од заклучоците на Комисијата.

Врз база на тоа ги предлагаме следниве заклучоци:

1. Собранието го усвојува Годишниот извештај на НБМ за 199 2 година,

2. Собранието констатира дека во Извештајот се изнесени реални показатели за остварените монетарно - кредитни движења и реално е прикажана состојбата во остварувањето на девизната политика во 1992 година,

3. Собранието укажува дека е потребно надлежните органи да преземат мерки за преиспитување на висината на каматните стапки што ги утврдуваат деловните банки во смисла на нивно усогласување со висината на есконтната стапка на НБ на РМ.

4. Овој Заклучок да се достави до Владата, до НБ на РМ и до Министерството за финансии.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор господинот Гошев.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Почитувани пратеници, ова што госпоѓата Славјанка го искажа целосно го поддржувам како оценка за Извештајот. Но, неколку констатации само што беа изнесени во дискусијата и извесни прецизирања и извесна разлика во мислењето во врска со нив сакам да искажам.

Прво, осамостојувањето на НБ , односно монетарното осамостојување на РМ, по моја оценка можеше да дојде и порано отколку што дојде. Но, тоа беше политичка одлука на РМ и на државните органи, за што не е надлежна НБ и луѓето што работат во НБ.

За тоа дали беше вистинскиот момент или не, можат да се изнесуваат разни аргументи, но во тој период се постапи така како што се постапи, а големи последици имаше врз пазарот на пари, врз регулирањето на паричната маса, врз сите оние инфлаторни движења што беа огромни, сето она убризгување на пари од "Точидерската Печатница" но тоа е с§га минато и не вреди многу да се дискутира сега во врска со тоа.

Второ, во врска со каматната политика што е предмет на дискусија, мора да се води сметка за надлежностите во стопански систем каков ние имаме. А, надлежностите за каматната политика се комплетно поделени. НБ има своја задача, улога според законот и нејзината улога главно е прецизирана во врска со есконтната стапка и од есконтната стапка може да се влијае врз определувањето на каматната политика. Но, според прописите јасно е како се утврдува есконтната стапка, а таа зависи од

инфлацијата во одреден момент. Методологијата е тука јасно определена и ако оваа држава сака да води антиифлациона политика ќе води строга сметка за висината на есконтната стапка да е сообразена со стапката на инфлацијата. Ако сака да води остра антиинфлациона политика, тогаш есконтната стапка може да биде значително и над реалната стапка.

Друго е прашањето на степенот на издржливоста на стопанските субјекти на каматната политика.

Другиот дел од задачите им припаѓа на деловните банки. На деловните банки не може директно да им се наредува каква камата ќе определуваат. Но, кај нас дефектот е што деловните банки не можат да реагираат соодветно на пазарните потреби на стопанските субјекти, бидејќи ние немаме прави деловни банки со позната сопственичка структура каква што е евидентна за пазарните стопанства. Ние немаме комплетна реформа на банкарскиот систем, немаме политика односно немаме остварена стабилизациона политика на банкарскиот систем. Банките имаат огромни контаминирани активи, огромни сиви зони по своите деловни биланси, билансот на состојбите и заради тоа тие го префрлуваат знамето на стопанските субјекти. Во секој случај самиве дискусии придонесоа банкети да реагираат со намалување на каматната политика. Но, тоа е повеќе политичко влијание отколку автохтоно дејствување на банкарскиот механизам на импулсите на пазарот. Тој проблем и понатаму ќе остане.

Во поглед на констатацијата на Извештајот дека деловните субјекти реагираат дефектно на каматната политика што се води, односно не реагираат сообразно на импулсите што доаѓаат од утврдените каматни стапки, било есконтната или на деловните банки, тоа е апсолутно точно. Се разбира, точна е констатацијата во Извештајот дека деловните субјекти реагираат дефектно, а дефектно ќе реагираат се до тогаш додека во нашево општество доминира општествената

сопственост. Додека немаме вистински пазар на пари, вистински пазар на капитал и слично на тоа. Според тоа проблемот е длабоко системски и до тогаш ќе треба да причекаме и ќе имаме вакви состојби.

Прашањето на елаборацијата на примарната емисија, има многу субјекти кои сакаат да продолжи примарната емисија во кредитирање одделни стопански гранки. За тоа прашање дискутирам повеќе пати. Некои мерки се презедоа во поглед на укинувањето , намалувањето на примарната емисија директно. Многу гранки ќе сакаат да продолжи, но ние едноставно да завршиме со кредитирањето директно на стопански гранки од примарната емисија ако сакаме да не вршиме пак инфлационо финансирање на репродукцијата и ако сакаме да водиме стабилизациона политика.

Во поглед на девизната политика, таа не може во овој момент да се остварува на задоволителен начин, бидејќи ние едноставно немаме елементарни прецизни информации во врска со оваа проблематика. Немаме евиденционен механизам. До скоро не знаевме колку е точно извозот и колку е увозот, не знаевме што се случува и што се евидентира а што не се евидентира на тоа подрачје. Ние немаме прецизно утврден платен биланс и од тука е многу тешко да се води девизна политика. Додека тие работи н% се расчистат тогаш ниту НБ ниту било кој друг поединечен стопански субјект може да утврди прецизна девизна политика.

Го поддржувам Извештајот.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот на заклучокот содржан во Извештајот на Комисијата за финансирање и буџет го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (52 пратеници)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Собранието го усвои Заклучокот.

Минуваме на **точката 34-** Извештај за работата на Републичкиот фонд за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените краишта за 1992 година со Предлог на одлука за одобрување на завршната сметка за 19 92 година и Предлог на одлука за давање согласност на финансискиот план за 1993 година.

Извештајот за работата на Републичкиот фонд, завршната сметка, финансискиот план, предлозите на одлуките, извештаите на комисиите за економска политика и развој, комисијата за стопанство, ЗПК, мислењето на Владата и дописот на група пратеници Ви се доста- вени односно поделени.

Отворам претрес по Извештајот за работата на Републичкиот фонд за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените краишта за 1992 година.

Молам кој бара збор?

Има збор господин Мицевски.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, дами и господа пратеници. Веќе неколку и овој Парламент во целото работење неколку пати во овие 2-3 години го потенцира само вака со информации за развојот на Мариово. Но, до денеска не е нешто многу сторено и затоа во иднина предлагаме да се стори следново:

Неодамна, во селото Дуње во сточарското стопанство беше одржан еден состанок на сите три општини, управните одбори за здруженијата за развој на Мариово со присуство на пратеници од трите општини Битола, Прилеп и Кавадарци.

III/7

На тој состанок, покрај разгледувањето на развојот на Мариово беше образувано заедничко здружение за Мариово од сите три општини кое заеднички ќе делува во иднина за развиток и просперитет на Мариово комплексно како регион неопфатен со целосна програма за развој на истиот.

На тој состанок беше донесен и заклучок пратениците да поднесат барање до Собранието, а Собранието да изготви целосна информација за досегашниот развој и за развојот во иднина на истото подрачје како комплексно, неподвоено од поедини делови, како дел на Прилеп, Битола и Кавадарци, туку да изготви една општа програма, ана- , лиза за понатамошниот развој и песпективите на Мариово.

Во досегашната работа во фондот за развој на Мариово, иако така оскудни издвојувани средства но истите се гледа дека не пошле на право место за развој каде што требале да појдат, туку се пуштани во стопански организации што апсолутно немале врска со развојот на Мариово, туку се бавеле со сосема друга стопанска дејност што на барателите кои сакаат да се вратат и да почнат да го развиваат Мариово не обрнуваше внимание. Ваквите средства повеќе се останати во тие, а сознание имаме дека многу жители од Мариово имаат поднесено барања од овие кредити за развој на сточарството, земјоделието, овоштарството, пчеларството, рибарството и други стопански гранки да им се одобрат и да ги развиваат во Мариово. До сега не е направено макар да знам дека не може да ги задоволиме потребите на сите, но би требало на поединци барем во сите 3 општини да имаше доделено такви кредити на некои кои сакаат да се повратат и да отпочнат со таква дејност во Мариово.

Од сега наваму средствата што ќе бидат издвоени за развој на Мариово да бидат доделувани точно на оние баратели кои вистински со тие доделени средства ќе отпочнат да го развиваат овој регион во Мариово.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:(**продолжение)

Затоа рековме дека и понатаму водостопанската организација за овие две години - три ќе изградеше мали акумулации на земјени брани за да може да се служи тоа сегашно и идно население кое ќе се бави со земјоделие за напојуваше на стоката, а истовремено ќе служат и за развој на рибарство и наводнување како и напојување.

Ми се чини дека тоа , барем за Битолскиот регион, /

не е сторено ни едно во овие три години, не е направена ни една таква акумулација на помала земјена брана која ќе им служеше на овие краишта во Мариово, иако за тоа постоеја одлучни услови имајќи голем доток на вода. Сметам дека за бараната анализа што треба Собранието да ја изготви, за развој на Мариово како комплекс да бидат предвидени и досегашните пропаднати инвестиции за да во наредната година бидат планирани и нови и досегашните не- остварени за да би можеле да му помогнеме на овој крај за да почне со развивање и обновување на Мариово како комплекс и целина во овој запоставен голем регион.

Не сакам да зборувам за значењето на тој крај и за богатството затоа што до сега е доста зборувано за тоа, сега треба само да се зафатиме да почнеме да му помагаме и морално и материјално за да еднаш отпочне тоа Мариово да се обновува и развива.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор г-динот Џелил Таири.

IV/2

**ЏЕЛИЛ ТАИРИ:**

Почитувани пратеници, во својство на известител на Комисијата за економска политика и развој која во едно е и матична комисија по Извештајот за работата на Републичкиот фонд за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените краишта во 1992 година, со Предлог - одлука за одобрување на завршната сметка за 1992 година, како и Предлог - одлуката за даваше согласност на финансискиот план за 1993 година. Сметам за потребно да Ве известам и истакнам одредени мои размислувања по спомнатите материјали.

Веднаш на почетокот сакам да ве известам дека Комисијата за економска политика и развој заклучи да му предложи на Собранието да го усвои Извештајот за работата на Републичкиот фонд за кредитирање на побрзиот развој на недоволно развиените краишта за 1992 година, потоа да донесе одлука за одобрување на Завршната сметка на Фондот како и да донесе одлука за давање на согласност на финансискиот план за 1993 година.

Во расправата беа изнесени неколку проблеми, меѓу другото беше изнесен и проблемот околу ненавремениот прилив на средствата од Републичкиот буџет, потоа неповолната каматна политика, обезбедувањето на средствата од Републичкиот буџет во висина на средствата која за оваа намена се утврди со Законот за учеството на Републиката во обезбедување на средства на Републичкиот фонд и др.

Во расправата на Комисијата за економска политика и развој беа изнесени и други оценки по Извештајот и пропратните документи за што , во интерес на времето, бидејќи Извештајот е пред вас нема да ги

повторам. Она што сакам јас да го истакнам по Извештајот за работата на Републичкиот фонд за кредитирање на побрзиот развој на недоволно развиените краишта за 1992 година е препораката на г-динот Тодор Петров кој препорачува Фондот за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените краишта да не учествува во финансирање на нови, туку само на започнати проекти.

Во врска со овој мојот предлог е спротивен од предлогот на г-дин Тодор Петров од следните причини:

Прво, иако средствата на Фондот не се големи, лично сметам дека сакале или не Фондот мора да го помага финансирањето на нови мали проекти.

Второ, со оглед на тоа што во досегашниот период Фондот учествуваше во финансирање на проектите на големите претпријатија како што се "Металски завод Тито" , "ОХИС" и др. преку изградба на дисперзирани погони, а имајќи предвид дека овие организации се наоѓаат во доста неповолна состој ба за што финансирањето на веќе започнатите проекти е доста ризично со што судбината на овие проекти и без ова е доведена во прашање. Затоа сметам дека Фондот не треба да финансира само веќе започнати проекти, туку и нови мали проекти кои ќе бидат во состојба брзо да се прилагодат на потребите на пазарот и ќе бидат брзо ефектуирани.

Ова прашање го расправаше Комисијата за економска поли- тика и развој односно, препораката на г-дин Тодор Петров за што истата не го усвои како таков.

IV/4

Понатаму сакам да кажам неколку збора и за мислењето на Владата по Извештајот. На стр. 2 последниот пасус стои "Владата укажува на потребата за усогласување на средствата на Буџетот со Законот за учество на Републиката во обезбедување на средства на Републичкиот фонд", каде на претпоследната седница на Собранието ова не се оствари. Тоа, од 0,30% од општествениот производ на вкупното стопанство овие средства се преполовија на 0,15%, а со вакви ограничени средства се доведува во прашање активноста на Фондот, а ние добро знаеме дека ова е уставна категорија и со оглед на тоа што е пред нас и финансискиот план кој беше изготвен врз база на Нацрт - буџетот сега аналогно на тоа произлегува дека истиот треба веднаш да се усогласи според утврдениот Буџет односно Буџетот што го усвоивме.

На крајот сакам да истакнам дека материјалот што е изготвен од страна на Фондот е доста содржаен ги опфаќа сите активности на Фондот за 199 2 година и сметам дека како таков дава јасна слика за сето она што Фондот работеше во претходната година. Ние, иако со одредено мало задоцнување го разгледуваме ова, сепак можеме да бидеме задоволни со оглед на ажурноста на нашето Собрание, бидејќи овие материјали доста на време се доставувани, меѓутоа, поради нашите точки на дневен ред од кои некои имаат карактер на итност, овие материјали останаа да се разгледаат , како што денеска ги разгледуваме некаде во седми месец.

Сето тоа укажува на тоа дека оваа институција како Фонд за развој спомнав пред малку е уставна категорија, го оправ- дува своето постоење и во иднина единствена институција која е една подлога за закрепнување на стопанството.

Затоа сметам дека материјалите што се доставени даваат јасна слика за тоа што е работено и истите предлагам да се усвојат како такви.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор г-дин Петар Георгиев.

**ПЕТАР ГОРГИЕВ:**

Почитувано Претседателство, почитувани пратеници, поддржувајќи го Извештајот не навлегувам во делот на неговата содржина, туку сакам само да потсетам на еден заклучок кој втор пат на овој Парламент го повторуваме и Фондот втор пат го одржуваме во функција , затоа што како Фонд не делува , туку Фондот ги користи средствата од Буџетот кои на одреден начин, имаат за цел во преодниот период да му овозможат на Фондот започнатите активности кај одредени субјекти кои треба да се дозавршат во овој преоден период бидат завршени и на тој начин се отвори простор за дефинирање на регионалниот развој во нови услови на Република Македонија.

Сметам дека заклучокот што го донесовме уште минатата година односно од 1991 година, сега веќе Владата треба да го реализира, во функција на тоа да му предложи на Собранието нов концепт за меѓурегионален развој што во основа ќе има извори за финансирање. Инаку начинот на финансирањето како што е сега на Фондот, апсолутно не е во функција ни на Фондот ни во функција на самото подобрување или елиминирање на неразвиеноста во одредени подрачја.

Бидејќи има повеќе расправа во делот на ефектите од досегашните вложувања, јас не сум од тие што бараат да се направат анализи во делот на ефектите од досегашните вложувања од причина што во овие новонастани услови со големи ограничувања како во делот на

работењето на сите стопански субјекти не само во оние што работат во делот на неразвиените подрачја, туку и оние што работат во развиените сигурно не се во можност да ги остварат своите производни и финансиски ефекти, па оттука сметам дека најмалку сега можеме да правиме анализа за она што е вложено, туку она што е вложено, а тоа е во делот на инфраструктурата, во делот на комуникациите и обезбедувањето на одредени подрачја со основни инФраструктурни објекти сметам дека претставува една солидна база да во новите промени или со новите промени се остварат одредени раздвижувања, посебно во делот на иницијативата на приватниот сектор.

Сакам да дадам една сугестија во остварувањето на задачите на Фондот во 1993 година до крајот на 1993 година, апсолутно се даде посебен приоритет во делот на завршувањето на одредени инфраструктурни објекти што сепак ќе бидат во функција на поттикнување на одреден развој посебно со приватната иницијатива која во овој момент сигурно има еден поголем замав, а со одредени вложувања што ќе бидат во функција на отворање на одредени стопански субјекти во тие подрачја, мислам дека ќе се овозможи да се поттикне развојот во тие подрачја.

Уште еднаш се залагам во роковите што беа утврдени, а тоа Владата пред Парламентот го прифати, најдоцна до 10-ти месец Владата да ни понуди нов закон за регионален развој и со самото тоа на одреден начин се пристапи кон уредување на односите во делот на функционирањето односно во делот на функционирање на регионалниот развој во новонастанати пазарни услови на стопанисување.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор г-дин Анастасовски.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Дами и господа внимателно ги сослушав сите претходни мои колеги од разни партии и сакам неколку работи да кажам практично.

Прво ќе се послужам, сакав да ги одбегнам тие мета- фори, меѓутоа, некако ми одат веднаш во мислата и ќе кажам една метафора. Тоа не е метафора, туку обична приказна или расказ како сакате кажете го, односно, поговорка од нашето житие, односно од животот."Пушти ја чергата колку ти е долго телото". Е сега ќе продолжам.

Многу убаво го слушав претходниот пратеник од Либералната партија и ми се бендиса во некои негови излагања. Ми се бен- диса во тоа што има некои идеални решенија за развивање на стопанството. Меѓутоа, веднаш ми падна во мисла и ја раздробив мислата завчера реков што направивме за тие педесет години? Испаѓа како ништо да не направивме. Правевме некои инфраструктури за да подоцна тие помогнат на разни објекти или во стопанството воопшто, во земјоделието, меѓутоа, тие остануваа или на пола или не се довршува итн. Да не се лажеме дека ние сме толку силни и толку е јак Фондот односно нашата моќ е толку јака во пари, зборувам за парична маса дека ние можеме веднаш да обновиме една област за што сите имаме барања тоа да биде што побрзо, во тоа ќе се излажеме.

Ми се чини дека завчера, иако не беше таа точка реков дека тоа треба да оди со ред. Ако почнеме една работа да ја вршиме треба да ја завршиме. Треба убаво да се испланира од стручњаци да видиме дали ќе придонесе ако таа пара се фрли во тој објект дали таа ќе биде рентабилна и дали таа ќе помогне за брз период да се финансира однос но да се кредитира една друга област од неразвиените подрачја.

Логично е дека целата работа треба да се врши во местата по општините со тие планови што треба да ги достават. Меѓутоа, сега нашата Влада има некој предлог, има некој фонд и не знам што има искрено да ви кажам не сум ни толку економист да ги знам сите тие работи, ниту сум некој стручњак по земјоделие. Јас зборувам повеќе од праксата, од видувањата што ги имам во досегашниот мој живот и од видувањата што ги имам во нашите области , во нашите општини, во нашата држава, во каква положба се< наоѓаат тие.

Не сакам повеќе да го напаѓам системот затоа што се- когаш го напаѓавме во тоа едноличие, меѓутоа, ние самите сега од- носно не ние тука што сме туку претходниците дозволија да останат неразвиени тие области затоа што првин ги запуштивме тие области велиме не се развиени со тоа што го тргнавме нашиот народ од тие области, од тие подрачја.

Многу наши места, многу наши краеви изгледаат така бедно, така осиромашени со луѓе, со народ, а сега треба таму да помагаме. Нормално треба да помагаме и на секој начин треба да го вратиме животот на природата, животот на човекот во тие места.

IV/9

Тука има нешто, не сакам да фалам никого, можеби некој ќе види дека е така, имавме и неразвиени подрачја, но благодарение на попаметни луѓе тие успеаа да го задржат човекот таму, да го развијат производството, да развијат се што требаше и тие да бидат развиени подрачја. Тоа е добро.

При давањето на средствата не треба да заборавиме едно кое ние често пати го забораваме, треба да се врши контрола каде и колку средства се даваат за едно такво неразвиено подрачје. Треба да се бараат резултати. Дали тие дадени средства се фрлија да се развие една област или некој таму поитар тие средства ги употреби не знам за какви или лични или други цели кои не одговараат да се развие подрачјето.

Стојам на тоа да се бара одговорност за тие што ги трошат тие давани средства од Фондот. Ако така постапуваме и ако донесеме таква одлука и таков закон јас сум крајно убеден дека ќе се постигнат две цели. Полесно ќе влезат тие подрачја во таа пазарна економија затоа што ќе имаат средства, а тие што беа побогати ќе станат уште побогати и трето, тие взаемно ќе се помагаат. Митко не зборува од памет никогаш, тоа да ви го кажам. Ги сакам сите луѓе кои се добри сопственици. Ги ценам сите тие луѓе кои и мислат добро на оваа држава. Ги сакам сите тие луѓе кои работат за доброто на овој човек. Ги сакам тие луѓе кои ќе ги приберат од улицата луѓето, ги сакам тие луѓе кои селанецот ќе биде достоен како селанин односно како граѓанин на оваа држава. Не барам марки за никого.

IV/

V/1 сј/вц

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ**: (продолжение)

Ако водата ние ја канализираме по кој патот по кој бараме сите ние тука пак нема луѓе, на кој ќе зборуваш, пак тие што сме секој ден другите ги нема. Тоа тогаш јас него зборам само за луѓето надвор, тие тоа го знаат. Секој треба, добро,тие што се тука,тие што ги даде господ да се тука,тие се тука. Е, сега сакам да завршам со една мисла,со една мисла .Ако ние сме сложни и ако ние подеднакво ги развиваме сите подрачја со една програма и со една цел тие да бидат развиени, нема политички смисол, во стопански во економски смисол. Во вас имаме доверба и во надворешните фактори да земеме од разни фондови, да не кредитираат. И тие две работи кога ќе ги зближиме тогаш ќе се ора нивата правилно, инаку нема да направиме ништо. Ви благодарам.

**СТОЈАНАНДОВ:**

Има збор господин Котевски.

**ГОРГИ КОТЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, оваа приказна е позната, не треба да правиме никаков авторитет кај гласачите што не избрале, бидејќи по инерција овој фонд си го донесуваме,извештаите ги усвојуваме на седница. Ние треба да промениме нешто квалитетно,а таа квалитетна промена според мене еона што го кажа Перо Георгиев. Ние од Владата немаме концепт на развој во Република Македонија, регионален, било каков и ако имаме еден таков концепт ние ќе знаеме низ призмата на ова собрание со сите законски проекти што ги носиме како ќе делуваме и како ќе ги вградуваме внатре односите делуваат за развој на овие делови на РМ.

Тоа може да биде преку каматната политика, преку трансформација на општествениот капитал, преку развојот на електростопанството на рударството итн., на земјоделието, Ние овде треба едноставно да одиме на усвојување на овој извештај. Тоа што

е од буџетот пренесено од овој фонд нормално дадено и каде е искористено во кои објекти и тоа е нужност и како неминовност мораме да го прифатиме. Јас незнам друга квалитетна материјална расправа, не можеме ниту смееме да водиме. Инаку,тоа е се празна фраза. Затоа јас сум за строго, ако веќе Перо Георгиев предложи некој рок кога Владата ќе понуди некој концепт да дајте да се договориме стриктни затоа што за наредната 1994 година кога ќе дојде наредниот буџет а ќе го носиме во оваа година се надевам,а не со шест месеци покасно, да видиме дали тој фонд ќе функционира пак врз основа на буџетски средства 0,30% што ќе се одвојуваат или ќе најдеме некои други форми па за да можеме квалитетно да дискутираме.

И, оваа материја регионалниот развој во РМ да го врземе во систем, не паушално, не парцијално, не со вакви ексцесни работи. Се мора да делува во систем. Сите развиени земји кои што имаат неразвиени подрачја ги стимулираат низ сите законски проекти. Реков и да не се повторувам низ каматните стапки, низ олеснувања во аграрот во електростопанството во градежната оператива итн. Јас сум да го прифатиме извештајот за работа на фондот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Љубисав Иванов.

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ:**

Јас немав намера да станам да зборувам затоа што воглавно се повторуваме со нашите искажувања и со нашата расправа многу не ги подобруваме состојбите и не отвораме некои нови простори и можности, меѓутоа сакам поради реалност и поради објективно согледување на проблемите во оваа област да кажам некои работи.

V/3

Прво, тоа сум го кажала и порано и на многу места и денеска ќе го повторам, постоењето на овој фонд одигра многу значајна улога во регионалниот развој на РМ. Ние пред 20 години издиференциравме дека во Македонија 15 општини од кои едни најнеразвиени, други поразвиени и ги диференциравме во повеќе гупи и така беше регулиран начинот на оформувањето на финансиските конструкции во тие општини. Фондот дека одигра своја значајна улога е самиот факт дека тие општини од една крајно заостанати региони доживеаја еден многу значаен развој па дури и ред општини излегоа од областа не неразвиените исе приближија и дури се повеќе развија од многу поразвиени општини. Вас ви се познати тие општини, меѓу другите тоа се Ресен, Радовиш, Кратово,Берово и ред општини кои се приближија кон развиените како што се Крива Паланка, Тетово и други општини.

Меѓутоа во овој момент практично ние во Македонија општини кои се сите неразвиени. За која општина можеме да зборуваме господо во Македонија дека е сега развиена, дека не е во оние критериуми во кои практично се неразвиените општини, до ваква состојба дојде, познато вие на сите поради огромната стагнација во економијата, поради страшниот пад на производството, на продуктивноста, на економичноста, на извозот, на огромниот број на невработени кои што се појавија во општините, на невработувањето, на новото население кое што доаѓа итн. Вовреме кога ние имавме една интензивна инвестициона активност, овој фонд се пополнуваше од средствата кои што доаѓаа од меѓународната банка,од банката за обнова и развој, од фондот на федерацијата и со учество на наши банки кои располагаа со свои фондови. И, така може да се заокружи една конструкција, ако тоа беше 100 милијарди фондот само учествуваше делумно во тие инвестиции некаде од 15 па до50 или 60%

Највисоко учество имаше Македонски Брод, најниско имаа оние општини што ги наброив кои што се приближија кон неразвиените, ама остатокот на средствата се пополнуваше или овозможуваше една инвестиција од сигурни извори, а во тие извори учествуваше фондот на федерацијата за развој на неразвиените подрачја, меѓународната банка и банките. А, истот ака учествуваа организации кои работеа со повисоки профити.

Денеска практично постои само еден извор, а тоа е изворот од овој фонд, а тоа е извор многу мал, извор кој не може ни една инвестициона активност да заокружи. Ако чини еден објект, пак да се вратам милион долари, овој фонд може да обезбеди 30 до40%, а остатокот треба да се обезбеди од некои други извори, а такви други извори нема. Исто така со овие средства може да се изгради еден објект во една општина, не може да се изградат повеќе објекти во повеќе општини. Според тоа,имајќи го во предвид сето ова, немање на извори на средства фондот сега практично поддржава одредени активности од областа на инфраструктурата и од областа на производството, на земјоделието на аграрот и таму каде не се потребни поголеми инвестициони средства да не би потполно замрела една инвестициона активност во овие региони. Од тој аспект желбите навистина се големи и намерите да се изгради програма за развој на неразвиените општини да дојдат нови општини, сето тоа е така добро но тоа нема своја практична реализација, затоа што нема извори на средства. Ние ако успееме со оваа активност да задржиме еден одреден темпо додека не излеземе од оваа хаотична економска ситуација не можеме да зборуваме за развој ни на неразвиените ни на развиени општини и треба објективно да ги гледаме работите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Трпеновски.

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани колеги, и јас потекнува од предел што има третман на неразвиен крај и оттука го поддржувам извештајот на фондот за развој на недоволно развиените краишта како еден модел кој што алудираше на начелото заемност и солидарност на Републиката за помагаше на недоволно развиените краишта. Овој модел имаше пресудна улога во развојот на недоволно развиените краеви особено преку дисперзија на погоните и вработување на работната сила, особено во селските населби и кои што беа изложени на миграциони процеси. Меѓутоа,сакам да укажам дека пратечките активности на фондот не беа доволно синхронизирани со другите субјекти на развојот како што е урбанизам и градежништво, како што е електро,како што е ПТТ и водоснабдувањето или како што е пореската политика во ридско-планинските краеви која што делува неповолно во развојот на земјоделските култури.

Во овој контекст обрнувам внимание на фондот на Дримколскиот крај кој што се дави со тешки животни проблеми од сферата на електро-снабдувањето, заради тоа што во тие краеви има монофазна струја и истата не може да дозволи еден развој, за кој што сега се залагаме и преструктуирање,изградба на објекти на граѓани кои што самостојно сакаат да финансираат, меѓутоа, поради ваквата состојба во електро системот, тие краеви се останати во една ситуација да не може да се поттикне развојот. Имаме населби во овој крај каде што има еден телефон во ова време и тешко се доаѓа во контакт со центарот, а особено бројни проблеми има во областа на решавањето на ургентните случаи од областа на здравството, а водоснабдувањето исто така клучен проблем, впрочем истите политички партии во своите програми се

заложија за ревитализација на селото од сите аспекти и сметам дека на Републиката и е потребен еден нов модел на третирање и тоа ударно по оние населби кои што најмногу заостанале во развојот, треба да се идентифицираат и нив треба да им се помогне.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Хамит Алиу.

**ХАМИД АЛИУ:**

Господа пратеници, јас се согласувам дека фондот имал значајна улога во некои региони на Републиката, меѓутоа не бил подеднакво на сите региони на оваа држава. Поконкретно ако ги анализираме и поранешните извештаи а и сегашниот дека во западниот дел во Тетово и во Гостивар не е така голем доприносот на овој фонд за развиено стопанство. Од друга страна јас мислам дека мора фондот да направи селекција и нови параметри за сите развиени и неразвиени општини во Републиката.

И, трето, време е, и се согласувам со господинот Петар Георгиев дека скоро една година бараме од Владата односно од двете влади да според новиот концепт на пазарно стопанство фондот мора да го најде своето место и да ја одигра својата улога. Ако ова не се направи и во 1994 година со извештајот за 1993 година вака ќе се расправаме и потоа ќе останеме со стариот концепт што го имал фондот досега.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Иван Иванов

**ИВАН ИВАНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, јас во принцип го поддржувам и извештајот и одлуката за одобрување на завршната сметка на фондот за 1992 година, како и предлогот на одлуката за средствата за 199 3 година. Тоа се мислам еден комплекс

на точки кои што спаѓаат под оваа точка. Меѓутоа, сакам да потсетам на неколку работи кои што беа присутни и во делот на расправата околу законот и за судбината на фондот за во наредниот период што беше предмет на една посебна расправа би рекол многу богата, пред извесно време во нашето собрание. Притоа, не сакам да ја омаловажувам улогата што ја имаше фондот досега за побрзиот развој на недоволно развиените делови од Македонија. Сигурно дека тоа даде еден значаен допринос исклучувајќи ги одредените пропусти како поедини случаи што беа присутни. Јас исто така го поддржувам концептот дека државата односно и останатите чинители дека треба да прават додатен напор за побрзиот развој на поедините делови, меѓутоа, гледајќи ја одлуката и она што разговаравме и како потреба на сегашното време, мислам дека во Предлогот на одлуката многу малку тоа е на некој начин и содржано можеби како што рековме минатиот пат еден преоден временски период. Меѓутоа, и самиот дел од дискусиите упатуваа што како пракса беше присутново поедините излагања,' сметајќи дека фондот како таков треба и понатаму да ја има таа функција или да не кажам вака вулгарно директорот на фондот да е секаде добро примен во средините сметајќи дека тој исто така носи еден благодет таму каде што ќе се најде.

Меѓутоа, тие мораме да навратиме на делот на правилното дефинирање на критериумите почнувајќи од тоа развиено, неразвиено, подрачје, до начинот на користењето во смисла на корисниците и оние мислам на државата како и другите кои што учествуваат во прибирањето или во создавањето на средствата на фондот. Тоа е една неминовност и се залагам во делот на заклучоците кои што ќе бидат како содржина на усвојувањето на овие три документи дека треба да се бара од Владата еден поквалитетен однос во наредниот период. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Газменд Ајдарага.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Јас накусо ќе кажам само неколку зборови во врска со точката што денеска ја имаме на дневен ред. Претходните дискутанти изнесоа многу работи со кои јас се согласувам, а јас само ќе изнесам само некои видувања, што гледам односно како би требало да функционира фондот. Уште порано при една моја дискусија кажав дека фондот мора да се трансформира. Онака како што денес функционира јас денес не сум задоволен и заради тоа јас се ангажирав не случајно што беше прифатено при донесувањето на законот да важи и за оваа 199 3 година и од Владата беше ова прифатено и тој закон важи уште, само за оваа година, крајно со 31.12, затоа што полно работи ќе мора да се трансформираат односно да се постават на нови основи.

Прво, да кажам дека самото име на фондот според мене со оглед на работите што ги кредитира мислам дека не одговара. Ќе читам, за да застанам на тоа, зошто не одговара. Еве на пример, името на фондот гласи Републички фонд за кредитирање на развојот на побрзиот развој на стопански недоволно развиените краишта. А, што прави тој,дал кредитира само таму. Сигурно не, имавте прилика тоа да го видите, кредитира и во развиени подрачја да не зборам за граничните и ридско - планинските. Затоа велам и самото име не е во функција на она што тој работи.

Мојa следна забелешка е тоа дека и тука слично како кога дискутирав за годишната програма, за одржување и реконструкција на регионалната и магистралната патна мрежа во Републиката и тука однапред средствата така да се изразам ги распродаваме и ги доведуваме корисниците во нерамноправна положба.

**ГАЗДМЕНТ АЈДЕРАГА**: (продолжение)

На кој начин тоа се прави е онака, како што е и запишано во сметката односно во извештајот. Се зема обврска, односно се става во расходите каде ќе се потрошат средствата, се става обврска преземена од минатата година. Што се прави со тоа? Со тоа, очигледно, дека се доведува во нерамноправна положба идните корисници. Мислам дека треба да прекинеме со такви работи, зашто тоа е неодржливо. Треба да помогнеме таму каде навистина има програми кои се одрживи а ако веќе мислиме дека некоја програма е одржлива, да кажеме да се јават во следната година, а не да ги предвидуваме однапред, да ги преземеме тие обврски и што станува. Оној кој што ќе се јави во 1994 година ќе бидеа краток, не ме може да користи средства, зашто нема. Однапред се дадени средствата. Слично беше реков и во Програма за патишта.

Она што најмногу има да кажам тука е дека кога станува збор за трансформацијата, Фондот, по мене ќе мора да води сметка за тоа што правиме со објектите кои ги изгради Фондот. Такви објекти во Дебар кој не бил, оние кои што ја посетуваат Долна Жупа имаат прилика тоа да го видат и имаат доста објекти. Тие пропаѓаат. Што правиме со нив. Два посебни објекти се такви што жал тие да ги гледаш. Ново потполно изградени објекти. Не се ставени во погон сега моја претпоставка е дека нема кој да ги чува, тоа е објектот на Херој Тоза Драговиќ, на Застава, тоа е објектот на Земјоделската задруга "Нов Живот" исто така потполно оставен на пола и ништо не се знае, ниту пак некој одговара за тоа што пропаѓа таму.

Заради тоа сакам да укажам дека фондот во иднина ќе мора да води сметка ова што сме го изградиле да успееме да го искористиме, да го ставиме во функција. Инаку, џабе трошиме пари, да кажам, за некои работи ако ние овие постојните не ги искористивме. А се знае колку чини градежниот дел за одреден инвестиционен објект. "Знаеме, зависно од тоа колку средства се вложува сигурно дека не се градежните повторно велам зависи од трудоинвензивноста што ќе се применува во објектот, но сигурно не е испод 50% во вредноста на градежните работи. Според тоа мислам дека задолжително ек бидеме принудени да извршиме трансформација на Фондот и сите нави напори да ги вложиме во тој правец постојните изградени објекти да се стават во функција

Независно од тоа, бидејќи во одреден момент овие објекти биле наменети за одредена производна насока, меѓутоа, не мора тоа да биде за ситата, но ќе мора да ги ставиме во функција. За што и ова што очекува Фондот да се повратат средства, сигурно дека не ќе ги имаме. Нема кој да ги врати. Не се создава ништо ново, пропаѓа старото и заради тоа се залагам тука нешто да направиме ако сакаме тие објекти не ни пропаѓаат.

**СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ:**

Почитуван претседатеале, почитувани пратеници, иако Крива Паланка е на патот од средно развиените општини не може, а да не кажам дека голем дел на објекти од таканаречената инфраструктура се делумно и дело на средствата од фондот за неразвиени. Без оглед на тоа што по користеше на средства барем овие последниве две години општината користеше некаде учество на Фондот на претпоследно место, сепак, можам да кажам дека единствено инфраструктурни објекти кои во општинана се изградија беа само со посредства на фондот кој со ангажирањето на своите средства преку Правилникот, а во учеството на

управниот одбор и во правилата за доделување на Фондот на некој начин се застапени претставници од сите општини, фондот успеа не само преку своите средства, туку и со ангажирање на општинскиов средства што мислам дека е многу важно да се каже, да ангажира голем дел на средства, така што овој преоден период во време кога стопанството на некој начин се наоѓа во една колапсна состојба сепак барем помалите општини во ранг на Крива Паланка како неразвиени забележаа еден подем на развој, поготово во селските населби така што ние во овие две години имаме повеќе развиено патна мрежа поготово поврзување со селските населби, туку така да кажав во претходните 10 години. Имаме направено неколку рибњаци токму благодарејќи на фондот за неразвиените. Исто така, работните организации кои се бават со развој на сточарството им е припомогнато од страна на Фондот, а за водоопскрба на доста тешко дофатни води и објекти за пооделни селски населби, да не зборам за тоа што присуството е така речиси повеќе од преку 50% преку набавување _на_пластични цевки итн.

Зборот ми е да завршам дека би било штета ако на било кој начин постоењето на овој фонд или начинот на една ваква праведна распределба на неразвиените општини згасне и на тој начин не се припомогнува на општините како што се правеше тоа досега.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам, претресот и Предлогот на заклучокот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

69 пратеници гласаа за.

Дали е некој против? (не)

Дали е некој воздржан од гласање? (4)

Констатирам дека Собранието го усвои Заклучокот.

Отворам претрес по Предлогот на одлуката за одобрување на Завршната сметка на Републичкиот фонд за кредитирање на побрзиот развој за стопански - недоволно развиените краишта за 1992 година.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој м бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката молам да крене рака? (пратениците креваат рака)

68 пратеници гласаа за.

Дали е некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (2)

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за одобрување на Завршната сметка на Републичкиот фонд за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените краишта за 1992 година.

Отворам претрес по Предлогот на одлуката за давање согласнсот на Финансискиот план на Републичкиот фонд за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените краишта за 199 3 година.

Молам, кој бара збор? /никој/

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака. (пратениците креваат рака)

67 пратеници гласаа за.

Дали е некој против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (2)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за давање согласност на Финансискиот план на Републичкиот фонд за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените краишта за 1993 година.

Пред да преминеме на претрес по останатите точки од дневниот ред, ги повикувам потпретседателот на Владата г-динот Ристо Иванов и министерот за односи со странство г-динот Стево Црвенковски да ги потпишат свечени изјави. Ве молам да станиме.

Текстот на изјавата гласи:

"Изјавувам дека функцијата потпретседател, министер ќе ја вршам совесно и одговорно и ќе се придржувам на Уставот и законите и ќе се борам за заштита на суверенитетот и интегритетот на Република Македонија".

Ги молам членовите на Владата да потпишат.

(Ристо Иванов и Стево Црвенковски ги потпишуваат изјавите).

(Аплауз)

На г-динот Ристо Иванов и г-динот Стево Црвенковски им честитам на изборот на функциите и им пожелувам успешна работа.

Минуваме на **точката 35** - Предлог за донесување закон за изменување и дополнување на Законот за здравствена заштита, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за здравство, ЗПК и Комисијата за финансирање и буџет, ви се поделени.

VI/6.-

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор?

Г-динот Ќелешов.

**РИСТО ЌЕЛЕШОВ:**

Почитувани дами и госпота пратеници, најнапред благодарност на премиерот што конечно здравството дојде на дневен ред, односно Предлогот на законот за измени и дополнување на Законот за здравство Сакам да ги дадам моите видувања и согледувања во една кратка конотација на вкупната состојба во здравството сега низ призма на предложениот предлог на законот.

Здравството, односно системот на здравствена заштита во РМ повеќе од очигледно не функционира и тоа пред се, на штета на корисниците на здравствените работници односно на услуги, а здравствените работници се на маргините на егзистенцијата и на маргините на достоинството. Сето тоа не ,е ништо ново, ниту пак е некоја новонастаната состојба, туку влече традиција корени повеќе години наназад. Дозволете ми една мала ретроспектива повеќе години наназад. Дозволете ми една мала ретроспектива низ архивскиот материјал кој з ќе ја прикаже тогашната состојба на оваа дејност, заради поткрепа на моето стојалиште дека недозволено лошите состојби во здравството се традиција, а не само актуелна состојба. Од јуни 1989 година одборот за труд , здравство и социјална политика. Состојби областа на здравството во СРМ и ставови и насоки за усогласување на здравствената заштита согласно промените во политеистичкиот и сто панскиот систем.

"Ставовите што ќе се донесат по материјалот ќе значат трансформација на здравствената заштита, за што ќе биде потребно нормативно регулирање на таа материја. Очигледно е дека во областа на здравствената заштита потребна е реорганизација со оглед на непо-

волната материјално финансиска состојба како моменталната критичност на здравството, која може да доведе до престанок на определени функции и до неможност за примаше на личен доход и пружање на здравствена заштита. Истиот одбор во ноември 1989 година: "прифаќајќи го материјалот и извештајот од расправата делегатите во Одборот задолжија за преземање на итни мерки за надминување на присутните проблеми во здравствената дејност".

Заклучоци: Во услови на новите економски мерки и висока инфлација, материјалните трошоци бележат вонредно голем пораст што се должи на слободно формирање на цените во услови на пазарна економија од една страна и расчекор меѓу нив и услугите што ги наплатува во услови на договорна економија од друга страна со изразити дискрепанции. Од сето ова произлегува дека состојбата во здравството е крајно критична. Соборот оценува дека дел од организацијата на здравствената дејност ја карактеризира со нерационалност, неефикасност екстензивна поставеност на организацијата што негативно се одразува на користење на правата од здравствена заштита, како и несоодветна усогласеност со материјалните можности. За надминување на неповолните состојби во здравството, Соборто го задолжува Извршниот совет да покрене поставка за изготвување на закон за здравствена заштита. Со оглед на тоа што во материјалот не се согледани сите аспекти на приспособување на здравството во услови на пазарно стопанисување, се задолжува ИС ори изготвување на Законот за здравствена заштита и Законот за работни односи, и Законот за општествени дејности да ги разработи сите елементи за обезбедување на непречено функционирање на здравството во новосозддадени услови.

Низ цитираните документи од пред поливана деценија јасно се гледа дека и тогаш доминираа квалификациите и констатациите, тешка, состојба, итни мерки, критична состојба, диспропорции помеѓу потребите

и финансирањето, неможност да функционира, здравствените работници ќе останат без личен доход итн. Од сето тоа резултира Законот донесен од ова Собрание на 30 јули 1991 година, кој што ги нуди следните позиции:

Прво, систем на права од здравствена заштита го сочинуваат општа јавна здравствена заштита, основна здравствена заштита од задолжително здравство, дополнително задолжително осигурување, услуги што сами ги плаќаат корисниците и специфична здравствена заштита. Општата јавна здравствена заштита или таканаречената здравствена безбедност претпоставува вид на здравствена заштита за која не се востановува здравствено осигурување, бидејќи е тоа грижа на општеството. Па, средствата се обезбедуваат од Буџетот на РМ што значи веќе со првата одредница државата јасно и гласно ја одредува рамката која ја прифаќа и алиментира како грижа на општеството а не целото здравство. Што значи член 32 и член 63 од Законот за здравствена заштита. Токму на овој сегмент инсистира и предлогот на законот за измени и дополнување ан Законот за здравствена заштита цитирајќи ги обврските на буџетот во сегментот здравствена безбедност односно здравствена заштита на здравото население за да не дојде до заболување и епидемии што би се предизвикале значителни нарушувања на здравјето со значителни трошоци за лекување.

Значи, од посебен државен интерес е еден сегмент, а не целото здравство. Останатиот дел од здравството, актуелниот закон за здравствена заштита го базира на следните извори:

Задолжително здравствено осигурување за таканаречена национална програма за здравствена заштита со права таксативно наброени во член 11 и корисници на такви права наброени во член 12, истакнувајќи начелото: со задолжително осигурување се обезбедуваат

права од здравствена заштита сразмерно на средствата здружени во тоа осигурување. Принцип кој не ја обврзува директно државата да ја алиментира националната програма, како што тоа јасно го кажува во поглавјето Општа јавна здравствена заштита или здравствена безбедност, преферирајќи го притоа модалитетот обезбедување права сразмерно здружени средства до тоа осигурување, што сугерира посредничка улога помеѓу здружуваните на средства и давателите на здравствени услуги без обезбедување на заштитни механизми во случај на дефекти на таа релација, што значи државата не стои како инвеститор зад овој огромен дел од здравствена заштита, што е и логично, бидејќи не сме толку богата држава, па овој голем сегмент на здравствена заштита се подведува на резон многу поблизок до договорниот, околу до пазарниот, па е сосема јасно зошто ваквиот систем ен функционира и не може да функционира.

**РИСТО ЌЕЛЕШОВ**: (Продолжение)

Јас тука не забележувам никаква суштинска новина.

Категоријата задолжително дополнително осигурување опишано во член 29 став 2 подразбира дополнителни права од здравствена заштита но и дополнителен придонес за здравствено осигурување член 68 и тоа за став 1 од член 29 со придонес од доход на организации. Значи зависно променлива категорија на придонес, а за став 2 член 29 придонес од личен доход односно од лични средства што претставуваат сосема незаменлив прилив а вклопен во останати приходи, учествува во структурата со о9%. Што значи дополнително задолжително осигурување исто така не претставува битен извор на дополнување на касата на фондот.

Категориите доброволно осигурување, член 30, здравствени услуги исклучени од системот на основна здравствена заштита член 31 и специфична здравствена заштита член 33 претставува незначителен износ на средства во касата на фондот.

Вака концептираниот модел на здравствена заштита многу бргу покажа дека е неадекватен односно со него не се направија битни чекори напред во насока на разрешување на хронично импотентните состојби во системот. Ова констатација ја парафираат и показателите добиени од фондот. Фондот аз здравствено осигурувам во 1992 година акумулира средства од 68 милијарди денари, во период до 1.11. 56, а во декември 15,4 милијарди. Акумулираните средства за 1992 година беа недоволни за остварување на основната функција во здравствената заштита во Републиката, па се оценува дека за покривање на направените трошоци за обезбедување на минимално ниво ва здравствена заштита на населението ќе бидат потребни средства во износ од околу 82,4

милијарди денари, или недостасуваат средства во износ од околу 14,8 милијарди денари и тоа за плати на вработените во здравството до декември 1992 година 7,5, обврски на фондот за лекарства и друг потрошен медицински материјал 0,6, обврски на фондот спрема здравството за гориво, храна, осигурување, опрема на објектите, струја, вода и други материјални трошоци 6,7 милијарди. Во износ од 14,8 милијарди денари не се вклучени обврските на фондот за користените позајмици од буџетот на Републиката во износ од 2,65 милијарди денари и непокриената загуба од 1991 година од 2,7 милијарди денари. Што значи вкупно недостасуваат околу 20,15 милијарди денари, со напомена дека во оценката за годишно потребните средства не се пресметани средства за инвестиционо вложување, инвестиции, опрема и развој. Хронична болест во здравството,

Инаку едномесечните потребни по сегашни цени за одржување на неопходното ниво на стандардот на здравствена заштита изнесуваат околу 20 милијарди. Трошоците за инвестиционо одржување на опремата што е амортизирана над 70%, инвестициите и развојот воопшто не се калкулирани во оценката на месечните потреби на средства. Доколку неповолниот тренд на остварувањето на приходи и натаму продолжи ќе се доведе во прашање остварувањето на основната функција на здравствената дејност бидејќи ваквиот прилив не овозможува издвојување на средства за инвестиции и развој зашто на здравството треба да му се овозможи и следење на развојот на технологијата и на лекувањето на населението во светски размери, бидејќи во спротивно секое заостанување на тој план би имало далекосежни последици за здравствената заштита на населението во Републиката.

VII/3.-

Исклучително неповолната материјално финансиска состојба на фондот и неможноста за редовно измирување на обврските спрема здравствените организации, најчесто е и веќе доста познато резултира прво, од несоодветна динамика на остварување на приходи од придонесот за здравствено осигурување, досегашна присутна социјализација на здравствената заштита на населението во Републиката, преголемата оптовареност на фондот со трошоци кои согласно законски те прописи треба да се обезбедуваат од други извори вон од придонесите за здравствено осигурување, членовите 32 и 63 од Законот за здравствена заштита, и најзначајни причини за недостиг на средства се нередовната исплата во стопанството, ниските плати како и доста голем број работни организации кои покрај забраната со Законот за плати, исплатуваат на име плати во натура бонови со што го избегнуваат реалниот придонес за здравствено осигурување, и во последно време честа појава на давање на јубилејни награди со цел да се избегне плаќање на придонеси.

Понатаму од вкупно 191 илјада пензионери во Република Македонија, за 107 илјади се плаќа придонес на основица помала од најниска плата.

За осигуреници што се на евиденција при Заводот аз вработување од околу 172.637 лица, придонеси се плаќаат само за 31 илјада лица што не се осигурени по друг основ и тоа врз основица 80% од најниската плат**а**.

Четврто граѓани кои вршат дејност со личен труд, 70% плаќаат придонес на основица на најниска плата, а голем број воопшто не се пријавуваат и не плаќаат придонес.

VII/4.-

Петто несоодветно учество на Буџетот на Република Македонија во обезбедување на средства за намените утврдени со член 32 и 63 од Законот за здравствена заштита , за остварување на функциите според согледувањата на Министерството за здравство за 1992 година се потребни 10 милијарди, а во Буџетот се предвидени средства за оваа намена од 744 милиони. Енормен пораст на цените за лекарства, материјални трошоци со нивната динамика, надвор од влијанието на Министерството и Фондот, бидејќи 90% од лековите се увозни итн. итн.

Низ овие аргументи што се цитирани спрема показателите во фондот аз здравство, се добива јасна слика дека се работи за договор ен модел на здравствена заштита, во кој што без исклучок во сите договорни позиции, прекршители на договорот не се извршителите на здравствените услуги, туку другата страна, почнувајќи од буџетот како партиципиент на категоријата јавна здравствена заштита, за намени утврдени со членовите 32 и 63 од Законот за здравствена заштита, за кое што за потребите од околу 10 милијарди партиципира само со 744 милиони односно помалку од 1,10 од обврските, до последен осигуреник на здравствена заштита односно нивните титулари и сето тоа без предвиден^ механизми кои би ги штителе ваквите договори или би давале гаранција за нивното исполнување. Затоа не е несфатлива економската анархија во системот, бидејќи никој не е виновен, па на здравствените работници им останува единствено да им се додворуваат на така наречените стопански дејности кои имаат законска протекција да создаваат доход и некој ако сакаат, или ако се смилуваат да му дадат средства на својот посинок здравството, колку или колку можат и кога сакаат и кога можат и сето тоа со каматни стапки, само заради тоа што здравството повеќе децении station наназад до ден денес ја нема истата законска протекција да создава доход, а не заради тоа што е неспособно

тоа да го прави. Оттука и заблудата дека здравството е недоходовна или недоволно доходвна категорија на труд која што може да функционира единствено како зависно променлива категорија, во функција на самонаречени или така наречени производни дејности.

Вистината за ова е сосема друга, имено здравството е високо доходовна категорија на трудот и дејност, која што со речникот на стопанствениците има суровина, има технологија, има технолози, конкурентен производ и цена адаптирана на економското поднебје на оваа држава, дури и многу поадаптирана од цените на некои други производи.

Врз основа на сето ова што е досега речено,како и врз основа на многу други факти во прилог на ова, добро познати и добро почувствувани состојби и од здравствените работници и пред се, од корисниците на услугите, сметам за неопходно брзо и суштински менуваше на логиката на која е заснован сегашниот систем на здравствена заштита и промени на моделот во следните насоки:

Прво, здравството да се ослободи и еднаш за секогаш од пришиените ИЗМИСЈШЦИ недоходовна категорија, односно нестопанска дејност, односно општествена дејност и да му се даде законска можност да влезе во процесот на трансформација од одговорна економија во пазарна економија, рамноправно со сите останати категории на труд.

Второ, хуманитарноста и социјалата, во нив здравството да партиципира рамноправно со сите останати дејности, бидејќи ниту е хуманитарно здружение, ниту е дејност за социјални грижи. Оттука нема ниту хуманитарни, ниту социјални обврски повеќе од било која друга категорија на труд или дејност.

VII/6.-

Трето Министерството за здравство да го постави на ревизија пред Владата на Република Македонија членот 32 од Законот за здравствена заштита со кој што на граѓаните им се обезбедува остврување на со овој закон загарантирани права,утврдени потреби и интереси на општеството, со цел да се утврди прецизна листа на права од здравствена заштита кои што ќе ги алиментира државата и сегменти од комплексот здравство кои и се потребни на државата и за тоа да се определи реална позиција во буџетот, и тоа да биде рамката наречена здравствена безбедност или општа јавна здравствена заштита, што е содржано и во членот 3 од денешниот Предлог на закон за измена и дополнување на Законот аз здравствена заштита.

Четврто Министерството за здравство да и предложи на Владата корекции во категоријата задолжително здравствено осигурување при што е неопходно рамката на основната здравствена заштита да кореспондира со реално проценетата рамка на средства. Критериум за одредување на вкупна маса средства да биде загарантираниот личен доход по број на плати односно граѓани кои земаат плата по стапка, и тоа да биде константа, а палетата на права од основната здравствена заштита кој ќе се алиментираат од задолжителното здравствено осигурување да биде динамична категорија, односно со зголемување на маса та на загарантираниот доход ќе се зголемува и рамката на правата од основната здравствена заштита, член 11 од Законот за здравствена заштита.

Ваквиот реален приод ќе му овозможи на фондот и на Министерството за здравство да им ги гарантира договорените права од основната здравствена заштита на партиципиентите и нас сите граѓани на Република Македонија, а на давателите на услугите реална исплата за услугите одредени во договорената рамка.

Петто, останатите досегашни позиции во системот на правата од здравствена заштита, а имено дел од основната здравствена заштита од задолжително осигурување кој ќе отпадне после корекцијата на член 11, дополнителното задолжително осигурување, доброволното осигурување, услугите што сами ги плаќаат корисниците и специфичната здравство на заштита да бидат сведени под заеднички именител и да функционираа1 на пазарен принцип и со економска логика.

За овој втор дел од комплексот здравство, граѓаните ќе немаат обврска задолжително да се осигуруваат, ниту пак има некој право да им задржува од платата без нивна согласност, заради обезбедување на здравствена заштита, надвор од рамката за задолжително здравствено осигурување, која со редукција на членот 11 и поставена на реална основа, сигурно дека ќе подразбере пониска стапка на издвојување од бруто личниот доход односно од платата во споредба со сегашните издвојувања и со тоа ке се обезбеди принципиелен приод и резон на корисникот на здравствени услуги кон здравството.

Граѓаните ќе имаат право никаде да не се осигуруваат и здравствените услуги да си ги плаќаат од лични средства, да се осигурат преку својот титулар или работодавач или преку било која приватна или државна институција или преку посебна позиција во фондот аз здравство.

Ваквиот модел би ги понудил следните позитивности:

Прво, граѓанинот ќе има точен увид во количината и во условите под кои ги издвојува сопствените средства за здравствена заштита.

VII/8.-

Второ, неминовно ќе се појави конкурентен однос меѓу осигурителните институции во полза на осигуреникот.

Трето, давателот на здравствена услуга точно ќе знае од кого да ја наплати услугата.

Ваквиот модел пак ќе овозможи здравствените организации да имаат точен увид во сопствената економија и во економскиот капитал, кои пак се основни претпоставки од кои пак треба да се тргне и што неминовно ќе доведе и ќе го наметне прашањето на потребата од сопствено димензионирање во правец на проширување или рационализација.

Неопходно е на здравствените организации да им се даде право да располагаат со средствата што ги острвуваат на ист начин на кој што располагаат со своите средства и сите други категории на трудот и под исти услови.

Интерната редистрибуција на средства е неминовно да застане на принципот наградување спрема остварувањето, со што ќе се надмине уравниловката во здравството. така само случајно ќе може да се случи два ити здравствени работника во ист ранг во иста здравствана организација или во паралелни здравствени организации во републиката да имаат иста плата. Тоа нема никаква логика и нема теорија.

Во таа смисла сакам да му дадам потполна поддршка на денешниот предлог на законот аз дополнување и изменување на Законот за здравствена заштита, длабоко верувајќи дека останатите сегменти за кој што е неопходно да се извршат корекции во сегашната поставеност на системот на здравствената заштита ќе дојдат на дневен ред многу побргу и со попозитивна динамика.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има доста пријавено и предлагам пауза за ручек до 14,00 часот

(Седницата прекина во 12,50 часот)

(По паузата)

Седницата продолжи во 14,30 часот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со претресот.

Има збор Димитар Трпеновски.

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници,очекувам не дека денеска Парламентот ќе се претвори во голем раскажувач за здравството, туку ќе ги прифати одредени решенија кои што се нудат во промените на Законот за здравствена заштита. Имено по донесувањето на Законот за здравствената заштита на 27 август 1992 година сметам дека созреа критичната свест и дека денеска ќе се обезбеди една конвенција на политичките партии или така да речам една голема коалиција на политичките партии и разбирање за прашањата од областа на здравството. Секако дека се потребни интервентни решенија во Законот, затоа што животот тече и регрутира промени,затоа што Фондот за задолжително и дополнително здравствено осигурување на вработените граѓани и нивните семејства, корисници на основна задолжителна амбулантно - поликлиничка и болничка здравствена заштита се наоѓа во криза. Тоа е заклучок од кој што не можеме да бегаме, односно е евидентен. Во криза е и начелото на взаемност со солидарност како човекова особина правата да се уживаат не само индивидуално туку и во заедница. Една од клучните причини за финансиската ерозија на Фондот и нагласувам за задолжително односно дополнително задолжително осигурување, како правна и финансиска институција на граѓанинот има финансиски оптеретувања во расходниот дел за функции на државата, што не претставува заштита на граѓанинот

VIII/2

поединец. туку  на целокупната популацијата во тој контекст и на поединецот. Ако некаде е оправдан колективистички проект и колективистичко гледање тогаш на проектот на здравство, врз начело на взаемност и солидарност треба сите да имаме исто гледање, заради тоа што здравјето на популацијата е еден безбедносен бедем неопходен на секое општество.

Имено станува збор за колективната здравствена безбедност, што се обезбедува со таканаречена превентивна здравствена заштита, како заштита на целокупната популација, што е државна функција. Нарачател на превентивата е државата,а професионално ја изведува здравството. Со обезбедување на средства за оваа функција на државата се растеретува граѓанинот,а државата си ја презема својата уставна функција врз начелото државата секогаш треба да го помага поединецот што е потребно и во оваа прилика. Оттука, осумте програми во членот 3 односно стариот член 32 во Предлог -законот за изменување и дополнување на Законот за здравствена заштита треба да ги прифатиме како што реков со голем политички консензус на сите политички партии. Како една цивилизациска определба на државата Република Македонија за колективна национална безбедност на сопствената популација и реализација на начелото дека превентивата е секогаш поевтина од лекувањето. Мораме да признаеме дека за секое општество здравството е еден од најсложените системи во општеството. Тоа е сложено од економски,од правен, од етички и социјален аспект. Заради сложеноста, здравството најчесто излегува од регулата, од законодавната регула и почесто бара реконструкции како што тоа и сега се налага, не само заради хуманите професионални ориентации на здравствените работници, туку и заради граѓанинот како вредност на општеството. Притоа, секако дека во профилирањето на здравствениот модел транзицијата во другите сектори на граѓанското општество ќе има водечка улога, затоа што ќе се создаваат нови социјални субјекти од друг

профил како носители на материјалната основа на фондот за задолжително осигурување. Сега се предлага член 11, односно член 76 од Законот за здравствена заштита и учество на граѓаните носители на задолжително здравствено осигурување здравствените услуги, лековите и ортопедските помагала Граѓанинот поединец и неговото семејство се наоѓаат во центарот на два система. Едниот е мрежата на здравствените институции, а другиот институцијата за задолжително здравствено осигурување, или Фондот. И овие два системи и мрежата и Фондот оптоварени се со проблеми. Едниот здравствените институции со нерационалност и бројност од типот циновски здравствен апарат, а другиот е оптоварен со приходниот дел кој нема финансиска сила да го прати расходниот дел што го прават здравствените институции и граѓаните. За приходниот дел во Фондот за задолжително здравствено осигурување е карактеристично следното. Познато е автентични извори на средства за задолжително здравствено осигурување се: работниците во сеуште нетрансформираниот општествен сектор и учествуваат со 61%, дефекти во учеството, осигурување на најниска цена на работната сила, остаток до плата, натура и слично, каснење два, три месеци на личен доход или со други зборови инфлаторно обезвреднување и на овие 61% од општествениот сектор. Се поставува прашањето кој е виновникот? Секако дека СОК и политичкото влијание врз СОК.

Вториот извор пензионерите со 179 иљади од кои што 100 иљади пензионери плаќаат придонесе на основица најниска цена на работната сила и имаат неизмирени обврски во позицијата воени пензионери.

Трето, земјоделци со учество 1%, а ги има 78 иљади лица кои што учествуваат, односно треба да учествуваат спрема популацијата со 10% во приходниот дел,а учествуваат во приходниот дел со 1%. односно 10

денари трошок, а еден денар внесуваат. Вработените во приватниот сектор во приходниот дел учествуваат со 1%, во расходниот дел со 22%. Што значи се внесува 1 денар а се трошат 22 денари, а таа популација изнесува 17% од вкупните учесници и аниматори на Фондот за задолжително здравствено осигурување.

Четврто, невработените кои што ги има во структурата на невработените 32 илјади кои добиваат здравствена заштита кажавме дека тоа претставува една популација во која што има дефекти и тоа: бројни вработени во странство, нивните членови на фамилиите заради здобивање со правото на здравствена заштита се регистрираат како невработени, а исто така, и при регистрација на одредени приватни, или мешовити фирми дел од работниците се регистрираат како невработени со цел, со една единствена цел да се користи здравствена заштита. Тоа значи дека Фондот за задолжително здравствено осигурување е еродиран од сите наброени причини. Се поставува прашаше кои се причините за ваквите состојби во приходниот дел на задолжителното здравствено осигурување, Секако дека недоизградениот даночен систем кој што ја смалува инвестиционата моќ на државата, потоа присутните толеранции на сеуште нетрансформираната служба за општествено книговодство, недоволното учество на Буџетот. Само за пример да кажам, скоро во сите европски земји некаде со 20 до 25% учествува Буџетот во обезбедувањето на колективната национална безбедност, односно во обезбедувањето на превентивните мерки за здравствена заштита. Потоа секако дека една од причините е и тромост во самиот фонд што не превзема адекватни мерки за разрешување на проблемите кои што се јавуваат во областа на приходниот дел на задолжителното здравствено осигурување, или буџетот кој што е при што државата ја извршила својата функција на превентивна здравствена заштита, односно национална здравствена безбедност со средства кои што се

акумулираат во Фондот односно со средства на граѓанинот во количина од некаде 67 илјади милијарди. Заклучок, за Фондот за задолжително здравствено осигуруваше како извор на кризните состојби во здравството посто* реален пораст во приходниот дел во 1992 година е 50 и посто помал во споредба со порастот на цените на мало, односно во споредба со актуелната инфлација. Мислам дека дефиницијата за состојбата е неодминливо јасна. Фондот за задолжително здравствено осигурување знаеме дека базира на начелото взаемност и солидарност на граѓаните. Се поставува прашањето до колкав обем треба да е широко начелото взаемност со солидарност, каква е политичката волја на граѓанинот да се солидаризира во користење за права со оние што даваат малку средства, или со оние кои што ги скриваат своите средства,и ја користат најниската цена на работната сила како најдоминантна основица во обезбедувањето на средства во Фондот за задолжително здравствено осигурување врз начелото взаемност и солидарност, или каква е солидарноста со државата кога за свои функции одзема средства од граѓанинот акумулирани во Фондот наместо да ги активира механизмите на даночниот систем како извор во приходниот нејзин дел. Заклучок, постои криза, загрозено е ризичното заедништво конципирано во начелото взаемност и солидарност бидејќи граѓаните нееднакво и не сите учествуваат во реализацијата на начелото взаемност со солидарност.

Институтот учество на граѓаните во услугите на лекови над утврдениот обем со член 59 став 3 од Законот 20% за лекови услуги и ортопедски помагала и 10% од болничките трошоци е еден регулационен механизам што се применува секаде во светот кога ќе се јави расчекор помеѓу приходниот и расходниот дел со реален пад на приходниот дел како што спомнав од 50%,а со цел граѓанинот да стане соучесник во смалувањето на трошоците и регулатор и соучесник во сочување на

сопственото здравје. Тоа е економската логика на предложената партиципација. Тоа е во суштина и кризата на цената на здравството, кризата која што нормално се свалува најмногу на граѓанинот заради тоа што не се почитува начелото взаемност со солидарност на сите учесници во Фондот за задолжително здравствено осигурување и заради тоа што и државата не си го зема својот дел, а сега со предложените програми веќе државата станува свесна дека треба да му потпомогне на граѓанинот во чувањето на здравствен. заштита.

Што се однесува за дополнителната работа како новина што постои во Законот мораме да имаме во вид дека ние сега имаме два сектори,јавен сектор, поготоао после донесување на Законот за реприватизација, базичен закон на м) но са основа јавниот сектор и Законот за здравствена заштита дозволен автохтон приватен сектор. Кога зборуваме за дополнителната работа мислам дека треба да тргнеме од начелото на Хипокритовата заклетва дека лекарот секогаш е во функција на својот сограѓанин и дека нема време на денот каде што немо да биде ангажиран. Во тој смисол мислам дека и здравствените работници не треба да бидат задржани во рубиконот на реал – социјалистичкиот модел на седмочасовното или осмочасовното работно време и потребна е слобода и за здравствените работници да се вклучат со својот професионален творечкн дух н знаење во укажувањето на здравствената заштита на своите сограѓани. Секако дека низ процесите на реприватизација кои треба да ја зафатат и здравствената мрежа што е дозволено и со базичниот закон за реприватизација да се разреши преку лек специјалист законот за здравствена заштита, секако дека здравствените работници не еднакво би поминале во еден ваков плурален модел    Имено, не би имало секако финансиски проблеми за

стручниот, љубезен и услужлив здравствен работник и неговите соработници, а пациентот многу помалку би чекал при лекарските ординации. На тој начин мислам дека пак се ќе тече нормално, с€ ќе пулсира нормално, осигурениците слободно ќе избираат лекар, а лекарот и неговите соработници ќе се вклопат во системот и во грижата на здравјето на своите сограѓани. Така постепено ќе бледее илузијата дека во здравството не може да Функционира пазарен механизам и забелешките дека пазарот и здравјето се неспоиви, а во суштина претставуваат неделив поим.

**БЛАГОЈ ТОШЕВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, многу пати дискутираме за здравството, а на видело нема нешто позитивно. Јас овој закон не знам колку ќе го санира здравството и здравствените работници, но воедно имам убедување дека овој закон треба да се донесе во две фази. Ако ние денес го легализираме овој закон за партиципацијата незнам колку овој закон ќе може да допринесе да го санира самото здравство. Моментално почитувани пратеници здравството не било во ниедно време во ваква тешка положба како што е сега. Кој е виновен за ова? Не сум должен да давам свое мислење за тоа кој е виновник за здравството, но има едно одредено убедување кај здравствените работници дека ресорниот министер повеќе се занимава со свој личен проблем да фати некое место во светските и европските здравствени институции отколку да се санира здравството во Македонија. Според тоа, не е далеку времето кога повторно здравствените работници ќе го покажат своето 'незадоволство. Во однос на оваа ситуација ние многу пати водиме полемики дека леб, масло, шеќер јадеме многу поевтино отколку на запад, а не гледаме какво е здравството на запад. Јас незнам зошто нашата Влада, односно ресорното министерство не се позанимавало со овој проблем. Кога го

велам ова сакам да потенцирам на следното: Прво, Владата не ги издвоила социјалните права на осигурениците од здравствените со што го оптоварува самиот фонд за здравство. Многу пати се манипулира буџет, фонд. Според тоа, западниот свет поготово САД, а воедно и напредните европски држави многу јасно дефинирале што треба да биде на товар на буџетот, а што треба да биде на товар на Фондот. Она што конкретно кажат треба тоа да се издвои, социјалните права на осигурениците од здравствените. Многу јасно е издвоено и болните кои што се за дијализа. Во САД типично се тоа на товар на буџетот. Превентивната заштита нормално дека треба да се префрли на товар на буџетот, бидејќи тоа е обврска на државата кон секој граѓанин на оваа држава. Породилните боледува боледувањата на вработените, погребните трошоци, повредите во сообраќајот сите лекови таканаречени цитостатици треба да бидат на товар на Буџетот.

**БЛАГОЈА ТОШЕВ**:(продолжение)

Во однос на образложението што ни го даваат за овој закон се вели:"Законот за здравствена заштита "Службен весник на Република Македонија" од ....1991 година" влезе во сила на 27 август 1991 година". Со овој закон е воспоставен нов систем на здравствена заштита во Републиката кој во однос на дотогашниот закон некои значајни новини по опфатот на граѓаните во здравственото осигурување напуштен е поранешниот систем на општинско здравство.

Почитувани пратеници, ние во Битола како Медицински центар го баравме ова. Општинско здравство и не е далеку кога нашиот Медицински центар ќе побара на некој начин издвојување. Откако почнавме со Републичко финансирање Здравствениот центар во Битола многу настрада. За жал во Битола мораме да организираме хуманитарен концерт за да се собере некој динар7 "а хуманитарен " е во смисла дека пеачите и музикантите не се наплаќаат, со цел да се собере одредена парична сума и да се купат топломери или апарати за мерење на притисок. Кога беше општинскиот цента во Битола под општинско здравство, а и денес да биде под општинско здравство Битолскиот центар може сам да опстојува и да се финансира

Во однос на овој закон , нормално според нашиот нов закон од 20 јули 1991 година, дадена е истовремено и можност за приватно здравство но не е разработено до таа мера да може да се рече дека е создадена некоја конкуренција за подобар квалитет на услугите кои што во овој закон воопшто не се спомнати. За тоа имам поднесено и амандман, по кој ќе се произнесам кога ќе се разгледуваат амандманите.

IX/2

Приватната здравствена заштита, односно, остварувањето на личен доход со личен труд, се повеќе е застапена кај нас и може да се рече дека во фармацијата е најзастапена, потоа во здравството имаме се поголем број на приватни ординации кои создадоа конкуренција на државните стоматолошки служби. Во примарната здравствена заштита има само зачетоци но тие се незнатни. Можам да ја поздравам храброста на г-динот Ќелешов кој што веќе и во тој дел почнува да се осеќа одредено приватно работење во таа здравствена заштита.

Правата конкуренција ќе се створи преку приватно здравство и во хоспиталната и врвната здравствена заштита , доколку за тоа се создадат услови со промена на законските норми. Навистина со законот дозволено е приватно здравство од амбуланта до клиника но сепак ни еден денес не отворил болничка установа, за приватно здравство, а како би отворил кога никој од лекарите нема таков капитал да вложи во тоа кога сите вклучени во  болничката здравствена заштита, лекарите работеле за државата и општеството. Со тоа се створени предимензионирани болнички капацитети кои се користат во многу мал процент. Како пример ќе наведам дека од 1974 до 1991 год. со здравствената заштита на социјалните интересни заедници се створија неискористени здравствени капацитети како на пр. во Битола и Прилеп, Охрид – Струга, Штип - Кочани, Неготино - Кавадарци. Како пример би навел дека болнички капацитети во одредени градови се искористени помалку од 30 посто иако не се располага со детална статистика но се знае дека повеќе капацитети во Републиката се со искористеност од испод 50 отсто. Може ли да се чуваат тие неискористени капацитети празни, а од скромните средства на Фондот и понатаму да се финансираат неискористени. Пазарната економија не го трпи тоа и затоа мора да се најдат нови начини, односно нови погледи и нови размислувања тоа да биде економично и профитабилно.

IX/3

Дали новиот закон сеуште ќе остане да дава можности за приватно здравство од амбуланти до клиники, ако некој сака приватно да работи има ли логика во пазарната економија да се вградат и нови капацитети кои ќе бидат специјално за приватна здравствена дејност а постојните односно сегашните ќе бидат споменици на една историска епоха на социјализираното здравство. Се знае денес во економијата дека ако некој има капитал и тој капитал не е во обрт мора со него економски да раководи , така и државата, односно министерството за здравство како сопственик на тие неискористени здравствени капацитети треба да ги ефектуира. Би навел сега ако државата е сопственик на здравствениот имот не е и сопственик на здравствениот кадар, кој во овие услови на работење под наем на државата со цел да обезбеди средства за живот. Сега кога државното здравство се наоѓа во најголема економска криза и се наоѓа пред распад и планира рационализација од околу 30 насто отпуштање на здравствениот кадар, како тоа ќе го направи под кои критериуми и дали тоа ќе биде по некоја чаробна формула, или по некои ново- изградени принципи при што ќе отпушти од работа постар и искусен стручњак или млад и перспективен. Сето тоа е тежок проблем кој денес или утре ги чека лекарите. Дилемите се големи. Размислувањата се сеопфатни, а резултатите ќе бидат со несогледливи последици, ако нешто не се превземе што ќе биде во согласност со законите на пазарната економија. Јас би сугерирал преку донесување на нов закон ги дополни и олесни условите за приватна пракса и во болничката здравствена заштита во сегашните објекти со тоа би се створила конкуренција меѓу државното и приватното здравство, како еден од главните елементи за добар здравствен систем. Мојот предлог е следен, и е сличен на американското здравство каде многу болници не се сопственост на лекарите, а тие вршат приватна пракса.

Кај нас приватната пракса е погрешно интерпретирана и се мисли дека тоа треба да биде во сопствена амбуланта и надвор од сегашните здравствени капацитети, во посебно изградени приватни болници. Тоа би било добро. Во наши услови би предложил со закон да се издиференцираат услугите што ги пружаат болниците како уста- нови, како на пр. смештаен хотелски дел, опрема и се околу тоа и чисто од здравствени услуги пружаше од персоналот, конкретно од лекарите како носители на тие услуги. Бидејќи Министерството има изградено норми за скоро сите услуги во амбуланта и болница точно се знае и уделот на лекарот, па на тој начин би се дозволило лекарот во истата болница има право да работи како и лекарот што ќе работи во болницата државно. Со тоа би се створила и конкуренција и нов квалитет на работа. Болницата при тоа би ги искористила своите капацитети порационално, а рационализацијата би била многу подобра и поконкретна.

Кога би се создале услови болниците слободно да ги отворат вратите за приватен и државен работен однос болниците би биле раководени од администратори или економисти, а не од лекари. Лекарите би биле*организирани преку научни совети или одбори и би се грижеле за стручната работа во болницата. Во овој конкурентски напредок во иста болница би се створил конкурентски однос како главен елемент за подобри здравствени услуги и здравствен систем. Во прво време би ги изедначил 50 отсто од капацитети за државно здравство и 50.насто за приватно здравство и во развојот би се примениле принципите на пазарно работење, а постепено би се створила и група од специјалисти кои што исто така, како и државните би нуделе планови за здравствена заштита на Фондот или работните организации во конкурентниот однос би имале двострука корист. Пружање на

здравствена заштита по конкурентни цени и се разбира со конкуренцијата со истите цени би се створил подобар квалитет. Приватните лекари би се труделе да пружат подобра здравствена услуга за да би се афирмирале и да опстанат во пазарните услови на работење, а државните да одржат конкуренција со приватните. На почеток би им дал можност на сите кои сакаат приватно здравство да остварат таков начин на работење, односно, ако секако подоцна ваквиот приватен сектор би започнал со својот капитал да учествува и во сопственоста и опремата на болниците, поради стимулирање на квалитет на услуги и услугите понудени од болниците. Финансирањето би било од Фондот доколку постои или создавање на локални фондови на осигурениците или пак се дава можност и договарање фондови кои ги издвојуваат работните организации за обезбедување на здравствена заштита на вработените и нивните членови на семејството. Со законот би предложи осигурување односно купување на здравствени планови да може да прават и заводите за осигурување имоти и лица, како и други приватни организации. Со ваквиот начин на организирање на здравствена заштита би се надополнил нашиот здравствени систем кој во суштина е добар, а со овие измени*би бил подобар и поприфатлив за секого.

**ЈОВАН НИКОЛОВ:**

Почитувано Претседателство, почитувани пратеници, го слушав на излагањето на почитуваниот пратеник Благоја Тошев кој што ми даде нов концепт на организација на здравствена заштита, но мислам дека за денешната седница не е предмет концепт на нова организација односно носење на нов закон за здравствена заштита, туку предмет на расправа е дополнување на постојниот закон за здравствена заштита. Затоа веднаш реагирам дека не треба ова Собрание да донесува дополнување на закон во две фази, туку уште денеска да се изјасни по Предлогот на

Владата односно Советот на Министерството за точките кои треба да бидат изменети во законот, а се со цел да се подобри многу тешката состојба во здравството од материјална основа. Еве зошто.

Во оваа фаза здравствените установи се дојдени во состојба да не можат да ја обавуваат својата функција. Зошто? Заради тоа што средствата кои што треба да ги плаќа Фондот за здравствено осигурување, а Фондот за здравствено осигурување е на работниците е недоволен да ги покрие сите трошоци кои што ги трошат осигурениците. Тоа е прво.

Второ, и обврската на државата од Буџетот, она што се вика национално здравство исто така не си го извршува. Според тоа, ако од една страна Буџетот не си ги извршува обврските кои што треба да ги даде за она што е превентивен дел, она што значи национална сигурност во здравствениот дел и ако од друга страна осигурениците кои што се потрошувачи на динарот не ги плаќаат обврските према Фондот , тогаш здравството нормално е да се најде во една ваква состојба. Затоа што, никој не сака да плаќа. Икс примери во сегашните услови на плаќањето на допринос, односно не се плаќа допринос за здравствено осигурување. Ние овде зборуваме порано дека се земаа плати надвор од она што значи доход, како личен доход или плата, преку земање на личен доход во натура. Денеска и тоа не е., Денес во одредени м онополски работни организации постојат приватни банки кои што пак личниот доход веќе не го земаат преку СОК, туку преку своите лични банки на неколку наврати. Првиот делнаа личниот доход го земаат преку СОК за да платат еден каков таков допринос за здравствена заштита, а другите делови на два пати или три пати ги земаат од своите банки без да плаќаат никакви

доприноси, не само за здравствената заштита, туку и за другите придонесе што треба да ги плаќаат. Тоа постои и тоа треба да се санкционира.

Јас и порано сум зборувал. Во здравството мора да се ограничат обврските на државата и обврските на осигурениците. Односно Фондот преку плаќањето на стапката на придонесот за здравствена заштита и она што е обврска на државата. Ако тоа не се разграничи ние не можеме да имаме здравство. Не да мислиме за развој на здравството, туку да го одржиме ова. Ова што го имаме сега, затоа што ако државата не ги покрие обврските од превентивниот дел што значи систематски прегледи, вакцини, епидемиолошки видувања, односно да го заштити она што значи национално здравство. Да не ми се врати како бумеранг утре да имаме и епидемии и заразни заболувања. Од друга страна ако обврските исто не си ги платат осигурениците, тогаш нема да има здравство. Затоа предлагам измените штос е предложени во овој закон, постојниот, денес да ги до- несеме, а тие се состојат само во обврските на државата од по тојниот член 32 на постојниот Закон, ограничување на одредени права, воведувањето на партиципацијата од членот 74 и обврските кои што произлегуваат од членот 132 односно ограничувањето на одредени права кои што беа досега доста широки од осигурениците. Односно тие кои што не плаќаат придонес, а сакаат да користат права.

Исто така, во ова време здравствените организации се наоѓаат во една недефинирана состојба. Од една страна е донесен закон за здравствена заштита, каде што здравствените организации се јавни служби, а од друга страна сеуште егзистираат како општествени служби со работници совети. Дојдени се во состојба работни организации од здравството да денес работничките совети сите одлуки што ќе ги донесат да не се валидни пред судовите и да се враќаат назад. Измените на

законот нудат регулираше на тој дел на правна основа и здравствените организации да станат навистина јавни служби, а не недефинирана маса, во делот на управувањето со здравствените организации.

Ако сето ова се измени во делот на постојниот закон мислам дека ќе се постави една регулатива во делот на прибирањето на средствата затоа што се менува и членот 76 каде што Фондот не е во состав на Министерството туку е посебен како Фонд. Тој е на осигурениците. Министерството треба да креира политика и да води политика, а Фондот заедно со тие што плаќаат осигурување треба да ги регулираат своите односи и ќе користат толку права колку и што ќе плаќаат во Фондот за здравствено осигурување. Ако се расчленат сите овие односи и се воспостават едни односи на вакви принципи како што нудат измените во законот мислам дека ќе се регулираат доста односи токму во делот на финансирањето во здравството. Инаку, ако тоа не се реши верувајте дека ќе почнеме да ги затвораме здравствените установи, затоа што ние не ќе можеме да обезбедуваме ни лекарства, ни храна во болничките установи. Ние работиме без пари, а за договорите што се према добавувачите мораме да плаќаме огромни камати. Затоа што е празен фондот, односно затоа што не плаќаат обврзниците према Фондот, не може да има средства за нормално работење и мора да се земаат материјали за одредено нормално работење на вересија, а за кои што после мораме да плаќање огромни камати. Верувајте дека само за ненаплатена струја мора да се плаќа камата од 1200 посто. Тоа му го кажав и на министерот за стопанство, вели каква е таа камата во денешни услови во здравствените организации кои што не по нивна вина не можат да ги плаќаат обврските према Електродистрибуција. И не само тоа, тоа е во делот на комуналиите, водата, храната итн., а да не зборуваме за лекарствата. .

**ЈОВАН НИКОЛОВ**: (продолжение)

Верувајте дека ако не постоеше хуманитарната помош доста помогна, ние денеска немаше да имаме здравство. Ние немаше да ги збринеме оние болни на кои навистина ќе им требаше ургентна здравствена заштита и ќе ни умираа пациентите по болниците.

Денеска се судираме со уште еден проблем, заради неплаќање на обврските спрема фондот и неземање зелени карточиња одредени работни организации, со илјадници доаѓаат по вратите на здравствените организации за да не можат прво да наплатат од свои средства а од друга страна нивните работни организации не уплатиле во Фондот за здравствено осигуруваше, да ги оставаат по болници и да бегаат надвор, да ги оставаат во здравствените организации да водат грижа за нив без некој да зема обврска дека сите трошоци за лекувањето на тој пациент некој треба да ги плати.

Мислам дека не смее понатаму вака да се работи. Ред е да се прифатат сите овие предлози во измената на законот. Мислам дека ќе мора да се регулира еднаш засекогаш државата и осигурениците да си ги земат обврските.

Во делот на предлогот од Комисијата за здравство за дополнителна работа,мислам дека е време да се размислува и во тој дел заедно со донесувањето на Законот за јавните установи да се регулираа тие односи дали ќе имаме продолжена работа во здравствените организации надвор од здравствените организации во приватни здравствени организации или да се воспостават консигнациони односи за оние капацитети како што зборуваше и Тошевски што не се искористени за да може да се дадат на консигнација и да може некој кој навистина со свој средства или средствата на работна организација и работи во тие работни организации

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор госпоѓа Марковска.

**ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитувани колеги, со оглед на трпението во салата и бидејќи има доста лекари а и голем дел елаборираат од проблемот, ќе се обидам да бидам кратка.

Денешните предлог - измени на законот ги чекавме подолго време. Беа на барање на пратеник. Од тука, конечно ги имаме на дневен ред, меѓутоа тие не нудат коренита односно систематска измена на постојниот закон за здравствена заштита.

Би рекла дека денешните измени имаат само еден вид палиативна мерка односно еден вид симптоматска терапија, а на здравството му е потребен радикален рез односно хируршки рез за да може тоа да опстане. Инаку се друго и на вас присутните овде бидејќи доста често дискутираме за од проблемски карактер а не и за менување на системот, на сите ви се познати.

Она што денешниот закон го нуди мислам дека е во ред. Можеби проширување на членот 3 во кој што се нудат 8 програми во смисла на делување на законот во превентивната дејност, меѓутоа мислам дека тоа не е доволно. Ние мора да направиме во форма на еден нов систем што е она што државата ќе го финансира односно обемот на јавното здравство во РМ. Кај нас знаеме дека сега е се државно здравство. Меѓутоа обемот што државата ќе го нуди на оние што партиципираат во здравството сеуште не е регулиран.

Другиот дел што е многу поширок ќе мора да се остави на приватизација. До колку тоа не се случи и до колку не настапи либерализација во односите постојни во здравството, нормално дека здравството комплетно ќе колабира со целокупнава постојна мрежа, со целокупниот кадар што го има , со онаа стапка која што сега, во

моментот нема да може да опставен како таква. За жал, ние имавме една мала расправа по законот за приватизација во кое што рековме дека здравството не е вклучено со никаков дел. Сега тоа се префрла дека ќе биде во Законот за јавни установи. Јас мислам дека тоа нешто ќе треба да се направи концепциски во Законот за здравствена заштита за кој што велиме има најава дека ќе се појави. Меѓутоа, бидејќи тој не се појави во периодот некаде максимум до октомври, за кој сеуште имам сознание дека имаме хуманитарна помош и како така здравството живурка, мислам дека тотално ќе колабира системот и нема да можат да се направат никакви измени без тоа битно да го осети целото население на РМ.

Она што е ново и што се воведува е конечно престанување на живеење на работничките совети односно Законот за здружен труд во медицинските центри преку воведување на управни одбори. Тоа е во ред. Воведување на Лекарската комора како асоцијација која добива статус на правно лице што исто така е во ред и казнените мерки што се усогласуваат со Законот за прекршоците.

Она што овде е суштинска новина, а не е ништо ново во однос на расправата што претрпе во сите здравствени установи во Републикава е воведувањето на дополнителна дејност која што Министерството не ја предлага меѓутоа ја предлагаат сите пратеници лекари во Парламентот и за кое што си земам право дополнително да расправам кога ќе биде амандманот.

**СТОАЈН НАДОВ:**

Има збор господин Андоновски.

**ГОЦЕ АНДОНОВСКИ:**

Почитувани пратеници, почитувано претседателство, дами и господа. Мислам дека понудениот текст на измените и дополненијата на Законот за здравствена заштита е рационална и нужна одлука на

Министерството за здравство во овој момент и ја сфаќам како краткорочна мерка за да се ублажи катастрофално лошата ситуација во системо1 на здравствена заштита. Ова, уште повеќе што ние се декларираме како социјална држава, со уставни определби, што ќе рече дека ќе гарантираме одредено ниво на здравствена безбедност на населението на РЈ Мислам дека и до сега она што претставуваше колективна здравствена безбедност требаше да регулирано со тоа што државата требаше да ја земе обврската да ја финансира превентивата и сите мерки и активности што беа планирани со неа. За жал, со веќе усвоениот, за мене билансира а како што реков и на претходната седница дефитицитарен буџет во почетокот, овие мерки мислам дека не се планирани, затоа што не можам да сфатам дека со 2% од вкупните потреби на здравството,,планирани како превентива во буџетот ќе ги покријат потребите што реално изнесуваат некаде околу 20%.

Исто така мислам дека во ваква една ситуација, со еден ваков дефицит на фондот навистина е тешко да се обезбеди дијализа како терапевтска процедура со пари затоа што знаеме колку таа чини. За жал, сеуште државата не сфатила дека душевните болни што не се вклучени во процесот на репродукцијата, дека е тоа обврска на државата што треба да ја финансира и оваа категорија за нивниот третман.

Воведувањето пак на партиципацијата при користењето на здравствените услуги и лекови, исто така ќе претставува инфузија за санирање на тешката материјално - финансиска состојба во системот на здравствената заштита, затоа што мислам дека ќе се обезбедат не- каде, ако не повеќе околу 10% од изворните потреби на здравствената заштита.

Јасно е дека со ова состојбата системот на здравствената заштита нема да биде во целост решена а за тоа е потребно и време и многу други порадикални зафати, како во системот на здравствено

осигурување така и во системот на здравствена заштита со кои би се изградил нов поефикасен и посеквентен систем на здравствена заштита.

Лично мислам дека е многу поголем проблемот на здравствено осигурување што го прави овој систем тром, инертен, нефлексибилен, несолидарен, неекономичен и нерационален. Се поставува прашањето зошто? Не можеме да зборуваме за солидарност ако некој не плаќа воопшто односно не учествува во стварањето изворни приходи а ги користи сите права од здравствена заштита. Не можеме да зборуваме за ефикасност на еден систем ако поради немање средства не е во состојба да се одржува процесот на работа, а и сами гледате таквата појава е се почеста во нашата секојдневна пракса.

Не можеме да зборуваме за рационалност ако сеуште не сме ги ставиле во функција економските критериуми во функционирањето на овој систем како и постапката за порадикална рационализација и реорганизација.

Она што сакам посебно да го истакнам не можеме здравството како дејност да го категоризираме како потрошувач. Напротив него мораме да го сврстиме како пазарна вредност и како еден многу важен и чувствителен дел на вкупната општествена репродукција. Ова посебно сакам да го истакнам. Не можеме здравството да го категоризираме само како потрошувач. Напротив како најмногу важен и чувствителен дел на вкупната општествена репродукција.

Се додека со нова регулатива не се стави во тие одбрани витрини на вкупната општествена репродукција здравството ќе заостанува во својот развој, а системот ќе биде во неизвесност. Според тоа и краткорочните и долгорочните решенија мора да одат кон промовирање на квалитетно нови односи, мора да бидат насочени кон разрешување на тие противречности , недоследности и небулози на опишаните премиси, овозможувајќи создавање на систем комплементарен на новата општествена и државна реалност.

X/6

Во вакви видоизменети услови ќе биде потребно редефинирање на поимот здравство кое мора да биде во склад со основните цивилизациски си социјални начела на солидарност и еднаквост на правото на здравје. Како што реков пред малку она што треба да се дефинира како јавен интерес, државата е таа која треба да репезме полна одговорност за организацијата, раководењето и реализацијата на мерките и активностите што ќе бидат зацртани со програмските акти.

Мора да се створи систем на осигурување со фондови како институции со јавни овластувања во систем на вертикала и хоризонтала. Овој пак фонд треба да биде наполно самостален, одделен од државата со право да склучува договори што ќе бидат во интерес негов и граѓанинот кој ќе ја користи здравствената заштита. односот на договарачите мора да биде пазарен. Тој мора да го темели својот статус врз реална економска логика, се разбира со негување на принципиелните начела на еднаквост и солидарност но внатре во фондот.

Навистина е нелогично она што денеска е присутно, а посебно разочарува, за што истакнаа и претходните дискутанти, во едни вакви односи несериозниот однос на државата со неставање во функција на нејзините инструменти за прибирање на изворните потреби за здравството. Како да се објасни фактот што и во овие стеснети материјално финансиски прилики работничкото осигурување кое со право учествува со 60%, во остварувањето на изворните приходи учествува под 40%, заобиколувајќи ја обврската да ги плати давачките во здравството преку разни форми на исплаќање на личниот доход, бонови, натура итн. Или земјоделците кои со право учествуваат со права за здравствена 10-12%, а со средства 1%. Посебно е загрижувачки фактот кај приватниот сектор кој е во експанзија а учествува само 1,3% во вкупните изворни приходи за здравствена заштита.

X/7

Кога сум тука морам да констатирам дека државата со ваквиот свој однос не само што го лимитира здравствениот денар, да не речам и ја маргинализира здравствената дејност, наместо да го валоризира и афирмира како посебно важна дејност, можда една од најважните во системот на општествената репродукција. Дали тоа го прави поради тоа што не може да го сфати значењето на оваа дејност или свесно, да не речам политички, со цел за купување социјален мир на сметка , се разбира на здравството, со повластување на други општествени структури, кои сопствениот дефицит го покриваат со избегнување на давачки. Или пак се работи нестручност во системот на прибирање давачки што во развиени земји со пазарни принципи се одамна надминато, лично незнам или можеби пак некому ваквата состојба и му одговара.

Се лажат или ги лажат сите оние кои прибегнале кон вакви решенија затоа што данокот некој од граѓаните мора да го плати, со тоа што овој дефицит што моментално е присутен во здравствената заштита на лекови и санитетски материјали, кога се најпотребни ги надокнадуваат најнемоќните граѓани односно болните, за жал од сопствените џебови. Со ваков однос мислам дека системот на здравствена заштита не ја дели судбината во овие тешки моменти со останатите општествени структури, како милицијата, војската итн.

Мислам дека здравствената дејност треба во идните решев ја најнепосредно да се договара со фондот без оглед на сопственоста дали е тоа јавна, мешовита или приватна.

Една од битните измени што треба да следи е промената на сопственичките односи во оваа сфера, со фаворизирање на индивидуалната сопственост, се разбира под услови што ќе бидат пропи! со закон.

X/8

Точно од тие причини сакам да го изнесам мојот спротивен став со владиниот предлог во врска со одредбите со кои не се дозволува вршење на здравствена дејност со личен труд, како дополнителна дејност, иако за мене точно таа одредба беше најсоодветна како една од краткорочните мерки. Еве зошто!

Сметам дека со забраната за работа на вработените здравствени работници, лекарите, фармацевтите, стоматолозите итн. како дополнителна дејност ќе има повеќекратни негативни последици во Функционирањето на ваквиот, како што реков претходно, неконсеквентен здравствен систем.

Наспроти тоа, со овозможувањето на вршење здравствена дејност со личен труд како дополнителна дејност се отвора простор за доста позитивни дејности на и вака конципираниот здравствен систем- Имено, со заживување на пазарните принципи и во оваа фаза по еден евулутивен пат повеќе би се зачувале долгоградениот здравствен систем кој навистина се наоѓа во многу неизвесна состојба, за што денеска сме сведоци , како што впрочем е примерот и со Бугарија.

Она што за мене претставува чекор напред за вакви решенија е тоа што граѓанинот добива право на избор на лекар, независно од кој општествен слој припаѓа. Ова го потенцирам посебно. А, не само декларативно да се залагаме дека секој лекар е достапен за граѓанинот што во пракса не е така.

На овој начин, со дополнителна дејност, би се овозможил поголем континуитет во функционирањето на здравствената заштита, што е една од нашите основни насоки меѓу лекарот и осигуреникот, токму оној кого што избрал. Нема граѓанинот да чека со денови да го губи времето за да го пронајде избраниот лекар.

X/9

Со ваквите решенија секако како позитивна вредност ќе виде избегнување на илегалното здравство кое, за жал, е се поприсутно во нашето секојдневие, за што веројатно некои од пациентите и го почувствувале. Се разбира, ваквите решенија не само што ќе го решат проблемот за поголема достапност, туку ќе се отворат и економски интереси. Ќе биде избегната праксата напуштајќи го избраниот лекар на пациентот да му бидат препишувани нови лекарства, како и да биде подведен на нови испитувања, според оценката на новиот лекар што за мене претставува непотребна тавтологија, а во праксата ќе биде секако избегната и полипрагмазија.

На овој начин ќе бидат избегнати евентуални грешки во терапевтските процедури. Сето тоа ги нагласува значајните на економичноста на ваквите решенија. Се разбира дека пациентите по свој избор што ќе се определат за ваква форма, ќе биде растеретување на и онака олеснетиот здравствен фонд, што секако во овие услови е и голема при- добивка.

Она што посебно би претставувало квалитет на ваkви односи е што ќе зголеми иницијативноста, а многу битна, и мотивираноста кај лекарот, а напоредно со тоа и квалитетот на здравствената заштита ќе биде пона- гласен. Затоа што секој оној зад кого не стои веќе државата, неговата индивидуалност ќе биде понагласена, а стручноста и достигнатиот афирмитет на личните способности решавачки за здравјето.

Страхувањата што често пати овде провејуваат дека со ваквите решенија ќе биде еродиран здравствениот систем се неосновани, затоа што ќе постои законска регулатива за формите и начинот на вршењето на здравствената дејност со личен труд како дополнителна дејност. Впрочем, државата увид за дополнителните приходи.

Она што сакав посебно да го истакнам со примена на едни вакви решенија ќе бидат ставени во функција пазарните принципи, а лекарот ќе биде само лекар и не ќе може да биде друго освен тоа, што значи не го

го ситуираме во статус кој што одговара на неговата стручна наобразба.

Навистина би било попожелно во вакви услови точно оваа варијанта да се прифати, а секако и приватната за оние кои имаат средства. Меѓутоа, во услови кога нема средства преку кредитирање и неможност за стимулирање на оваа дејност, ова е најцелисходно решение.

На крајот, ова решение секако ќе отвори процес на нужна рационализација.

Уставот предвидува , секој има право на работа и дека при остварувањето на правото на работа секој е слободен во изборот на вработувањето. Тоа значи дека и секој сам одлучува каде ќе работи и каква дејност. А, со едно вакво законско решение или со друг акт не може граѓанинот да се принуди или да се забрани да врши определена работа.

Во Законот за вршење дејност со личен труд работникот може да основа дуќан, а дуќан може да основа и лице "во работен однос и лице во пензија. Со Законот за работни односи, член 25 дадена е можност "работник кој во една или повеќе работни организации или кај еден или повеќе работодавци остварува полно работно време може да работи уште во една работна организација односно кај друг работодавец во 1/3 од полното работно време", што ќе рече дека ова не е во спротивност со Законот за работни односи.

Тргнувајќи од Уставните определби што се однесува до правото на работа и правото на еднаквост со законот Уставот не допушта со посебни закони на поинаков начин да се уредан одредени односи, односно не може граѓанинот со посебен закон да се доведува во нерамноправна положба односно лекар.

X/11

На крајот , поддржувајќи ги заложбите за усвојување на измените и дополнувањата што се ставени на дневен ред, се разбира со моите забелешки кои носат само делумни краткорочни, но во моментов рационални решенија, сакам експлицитно и јасно да истакнам дека е скрајно време здравствената заштита како еден од најбитните сегменти на општествената репродукција да се уреди со посебен закон од аспект на поим, содржина, функција, докртрина, стручна организација, дијагностика, терапија, примена на светски новини, стручен надзор, етика и одговорност, па се до пазарно изразување на здравствениот труд и трансформација на капиталот во здравството.

**ГОЦЕ АНДОНОВСКИ:** (Продолжение).

А со посебен закон да се уреди пазарот односно осигурувањето и финансиските ресурси за несметано пазарно функционирање на здравствената дејност.

Сметам дека со вакви корекции и длабоко сум убеден дека ќе се пресече волшебниот круг на релација празен фонд - незадоволни здравствени работници - револтирани корисници. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Иванов.

**ИВАН ИВАНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, јас исто така би сакал да кажам неколку реченици врзано со темата и најпрво сакам да го поддржам предлогот за донесување на закон за изменување на законот за здравствена заштита. Тоа го сметам како напор од страна на Министерството односно Владата по барањето на решенија за сериозните проблеми во кои се наоѓа здравството што впрочем на оваа говорница на ова Собрание беа често пати искажувани што секако со вака најразлични аргументи иако мора да се каже дека колегите доктори во некои случаи малку си даваат за слобода можеби премногу ги кажав другите работи во друг контекст. Меѓутоа, неспорно е дека здравството се наоѓа односно се судира со многу проблеми кои што непосредно го трпат и корисниците односно граѓани. Нешто би рекол во делот на предложените решенија. Јас морам да кажам дека малку сум лично незадоволен од приодот на понудените решенија, не сега ова да го кажувам од еден друг пристап, да не го употребувам вулгарниот збор демагошки, меѓутоа лично очекував дека проблемот на здравството и

изнаоѓањето на решенијата ќе беа усмерен во еден друг правец, со еден друг пристап иако морам да кажам дека и дел од искажувањата како што беше кажано а и од самото образложение дека ова како предлог треба да биде од еден моментален карактер со кој што треба да се извршат извесни санирања на состојбите. Меѓутоа, и во образложението, а и во самиот предлог многу малку се кажува и се навлегува за причинителите за ваквите состојби во кои се наоѓа здравството. Или лично да кажам се стекнува впечаток дека тие работи повеќе се оставаат за друго време, а решенијата се бараат во изнаоѓањето на дополнителни средства со кои ќе се врши извесна санација. Дополнувањето на тие извесни средства воглавно се бара преку ослободувањето на Фондот, Републичкиот фонд со извесни издатоци со кои се среќава сериозно во финансирањето на поедини потреби, а тие практично издатоци се бараат да бидат пренесени дел во буџетот а дел бидат финансирани од самите граѓани.

Барањето на решенија во дополнителни извори посматрани во буџетот мислам дека во сегашниот момент и покрај оптовареноста во буџетот сепак се прифатливи. Меѓутоа, барањата на решенијата за делот на она што треба да партиципираат граѓаните и тоа граѓаните кои што се со еден нарушен стандард лично мислам дека нема да донесат квалификативни промени,напротив лично мислам дека проблемите ќе бидат усложнети и можеби добрата намера во барањето на решенијата на некој начин ќе биде девалвирана во однос на намерите и ефектите кои ќе треба да бидат донесени.

Ние се сеќаваме и сеуште ни се свежи реакциите кои што беа присутни кај поголем дел од граѓанството со загрозен стандард по примината на партиципацијата, особено на одредена категорија на граѓани, мислам тука пред се на пензионерите со пониските пензии кг и дел на работниците исто така со понизок стандард. Со овој закон

практично ќе треба да се верифицира она што го Уставниот суд на некој начин оспори во делот на примената на правилникот. Јас не се залатам да треба работите да ги гледаме од аспектот на социјалата, напротив проблемите треба да ги бараме преку квалитетните решенија и она што дел од дискутантите го беа кажале, ако сакаме добро здравство ние мора да имаме и квалитетно финансирање. Меѓутоа, решенијата во квалитетното финансирање и барањето на проблемите мислам дека треба да се бараат сакале или не во еден сериозен пристап во сето она што претставува баласт во делот на финансирањето на здравството. И, главниот дел на решенијата лежат овде и треба да бидат барања овде. Јас се надевам дека Владата најверојатно на овие проблеми ќе им пристапи во наредниот период, што значи во втората фаза од причина што за вакви сегашни актуелни проблеми треба да се бараат и полесни решенија.

Од друга страна мислам дека заслужува внимание да се истакне и прашањето како досегашните , решенија во погледот на примената на единствен начин на финансирање односно" акумулирањето на средствата во Републичкиот фонд за разлика од поранешниот начин на финансирање каде што средствата беа дадени во делот на општините какви ефекти или проблеми во тој дел донесоа. Тоа нешто исто така беше зафатено дел в дискусијата што лично мислам дека заслужува внимание да биде исто така додатно анализирано, практично желбата да се направи еден квалитет што впрочем беше донесена во поглед граѓанинот да биде рамноправен и да може да бара здравствена заштита на територијата на целата држава, меѓутоа од друга страна многу проблеми кои што беа во одредени подрачја како поединечни веќе со ваквиот начин на финансирање се претворија во еден општ проблем на целокупната здравствена заштита, што само со себе го наметнува прашањето' влегување подлабоко во делот на присутните проблеми.

Морам да кажам во поедини о до донесувањето на овој закон проблемите во делот на финанси не се така чувствуваа. Проблемите беа многу успешно разрешувани» секако можеби изрични ограничувања на правата на корисниците во поглед на давањето на упути и слично што за разлика на новиот д«JM на финансирањето тоа нешто е многу квалитетно разрешено.

Сепак наоѓајќи се во дел на проблемите со кои сме соочени логично е дека Собранието треба да го поддржи предлогот за донесувањето на овој закон за измена со тоа што мислам да во делот на амандмандските решенија, со амандмандски решенија, да направиме извесен напор со кој делот на партиципацијата кој веќе е еден нов квалитет погледнете од страна на предлагачот, а за мене неквалитет кој треба да се направат извесни додатни олеснувања за да се избегнат последиците кои што беа присутни во почетниот период на примена на Законот, а која беше како решение донесувано на одлуката на Уставниот суд беа ставани по страна.

Мора во тој дел дали аспектот на висината на семејните прима дали поедините области ќе треба да бидат направени додатни напори в текот на разработката од донесувањето на законот и бидејќи во дневен ред е поместено да треба да се произнесеме и по предлогот на донесувањето на Законот во тој дел во делот за решенијата за пензионерите и одредена категорија на луѓе јас исто така имам на нив свои амандман како предлог со кои што ќе сугерирам на Владата да ги земе во предвид во конечното донесување на законот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Хамид Алиу:

**ХАМИД АЛИУ:**

Дами и господа, со Законот за здравствена заштита од 1991 година се надевавме дека ќе внесе значајни новини во опфатот на граѓаните во

здравственото осигурување, напуштен стариот систем, остварен еден фонд на здравствено осигуруваше на ниво на Републиката и воспоставен нов систем на финансирање на здравството. Мораме да си знаеме дека значајните новини за опфатот на граѓаните во здравствениот осигурување падна на грбот на граѓаните. И тоа, од една страна осигуреници плаќаат, а знаеме како го плаќаат тоа, а од друга страна како истите граѓани за лекови и лекување купуваат од приватните аптеки.

Второ, сите општествени аптеки станаа приватни или незнам во каква трансформација и тоа пред да дојде законот за трансформација. Конкретно ова беше драстично во Западниот дел на Македонија, а посебно ги знам приликите во Тетово што од сите аптеки само една е сега општествена, практично сега нема ништо во своите простории.

Интересна работа што и во предлогот на законот за изменување и дополнување на законот за здравствена заштита во членот 9 осно- вица за пресметување се зема 70% и најниската плата, тоа е во ред во членот 11 каде се изменува членот 76 гласи "20% партиципација за здравствена услуга и лекови, 10% за болничко лекување, а 5% за децата од 14 до 18 години и 50% од цената на сите други потреби" член 76-а. Прашувам колку извори би требало да има нашето здравство, Дали исто така а со ова дополнување на законот од една страна од личниот доход на вработените ќе се земат за здравствена заштита, од друга страна истите граѓани треба приватно, од свој џеб да ги плаќаат лековите, лековите и лекувањето. Незнам ваков систем негде во Европа дали има затоа што, јас се обраќам на соодветното министерство, бидејќи сите закони што ги носиме во оваа сала се повикувам дека искуството го земаме од Запад. А јас знам што е национално здравство, што е примарно здравство, сум за тоа сите здравствени работници да го добијат она што им следува, да бидат рамноправни како што рекоа другите колеги на пазарното

стопанство, меѓутоа нема логика на овој начин како што е кај нас во дадениот момент.

Трето јас мислам дека законот за здравство доаѓа со д задоцнување. Ние скоро две години ја имаме истата состојба, ни, не менуваме и некако како да ни конвенира овој начин.

Четврто, јас мислам дека ако сакаме здравство во прав смисол основата мора да му биде во буџетот. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Никола Крстески.

**НИКОЛА КРСТЕСКИ:**

Од искажаното, а посебно од лекарите произлезе дека здравството наместо да не лечи треба ние него да го лечиме.

Во однос на изворите на средства постојното здравство корист задолжителен законски придонес за здравство, учество од буџетот сега дополнети со нови 11 милијарди деноминирани и уште и учество на самите корисници. Значи, за здравството се плаќа и кога си здрав и кога ќе се разболиш пак треба да плаќаш. Проблемите се такви какви што се, меѓутоа здравствена организација до сега нема паднато под стечај ниту е ликвидирана. Бидејќи се сложени работиве јас предлагам овој закон да се донесе во редовна постапка. Сега да се усвои само предлогот за донесување на закон, а во рок од 30 дена да се изготви нов предлог. Тоа чисто од самите лекари пратеници произлегува, едни велат дека е ова интервентен закон, меѓутоа на овој текст на интервентен закон лекарите се надоврзувми со свои амандмани за лична работа, приватна, дополнителна и сл.

Во однос на текстот и амандманите во начело ќе кажам некои работи.

XI/7

Прво, во однос на учеството на корисниците при користење услуга односно за време на боледување. Јас сметам дека за ова постои економска категорија. Не е предложена никаква пресметка и сметам дека ќе се направат повеќе главоболии, повеќе трошоци отколку корист од ова учество, непосредно при контакт со здравствени работник. Со други зборови секаде веќе воведоа учество при секој фонд и секоја установа, ќе се претвориме или во благајници или во ќенлери, цела нација, според мене.

Според мене во однос на дополнителната работа сметам дека многу се апсолутизирав од лекарите пратеници дека само нив им е забрането дополнителна работа. Правна дополнителна работа не само што е забранета на дипломирани правници туку претставува и кривично дело. Значи правник ако работи дополнително ќе оди во затвор до 3 години, според Кривичниот закон. Да не сметате дека е само вашата категорија. Сметам дека треба да се издвои оваа одредба за дополнителна работа од овие другиве интервентни работи и затоа треба во втора фаза ова да се расчисти.

Во однос на измениве во здравството се меша приватизација и учество на самите лекари преку дополнителна работа. Со тек откога ќе се донесе трансформација во здравството тогаш ќе се овозможи и приватна и општествена, кој како ќе учествува во општествени средства. Сметам на овој начин сеуште нивото, организацијата не е време да се• овозможи дополнителна здравствена заштита во сопствената установа бидејќи потоа нема да се разликува што е општествена услуга, што е приватна.

Затоа сметам дека во еден рок од 30 дена може да се размисли со тоа сметам дека не може сите прашања преку финансиски решенија да

се гледаат, треба и самото здравство да имало 10 години однапред некои решенија, да ги предвиди одредени ситуации оти ние со претходниот министер предвидовме германски систем, рековме се ќе разрешиме, наредните 15 дена уставниот суд го укина учеството. Уште поголеми загуби се најдоа, јас сметам со оваа интервенција не ќе може да се реши посебно при учеството во здравствени услови. Имаме категорија пензионери, социјални случаи, веќе имаме амандман, јас сметам тоа да се изостави во овој закон, и во рок од 30 дена да се изготви нов текст.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Почитувани пратеници, малку да ја промениме структурата дискутанти, бидејќи и ние другите пратеници можеби сме информирани за дел од состојбите во здравството, па еве јас ќе дадам свој прилог во оваа смисла. Прво да кажам дека се придружувам према предлогот на г-динот Крстевски овој закон да не оди по итна постапка, односно како што едноставен туку да оди како предлог за донесување на закон заради тоа што паднаа низа предлози од сите субјекти тука. Можеби има место и време за еден месец да ги измениме односите, да ги проанализираме проблемите и можеби Министерството ќе има време да даде некои свои поквалитетен предлог по однос на она што е дадено. Моја основна забелешка е дека и ние пред 2 години во еден ист состав во една иста структура на присутни овде пратеници, кои доста еден голем дел на лекари односно вработени во Медицинските центри донесевме еден непрактичен закон. Еден многу скап закон, а тоа се покажа и денес дека еве за многу кратко време овој закон треба да го менувам. Тоа е факт и го менуваме и мислам дека можеби уште тогаш требаше да ги предвидиме сите овие проблеми, да не правиме толку голема администрација  атолку општи трошоци, ние потрошивме за здравствени книшки, за картони, за ова, за она, а да ги применевме тие пари, да ги употребуваме за други намени ќе имавме дури уште повеќе од тоа. Меѓутоа, мораме да сфатиме едно, јас лично така сум убеден, ако правиме трансформација во системот, во економскиот, во стопанство итн., ние мораме да правиме радикални промени во здравството во образованието итн. бидејќи предмет е сега на здравството, мислам мораме да се зафатиме со една рационална организација во системот на здравството. По вертикала и по хоризонтала и да направиме една квалитетна рационализација. Ние не можеме да го прифатиме здравството кое го прифативме од општините, ги прирaтивме

ингеренциите на ниво на Републиката со сите тие привилегии, при надлежности бидејќи општинските здравства имаа едни извори на финансирање, ги прошириме капацитетите, го зголемивме бројот на вработените, објектите итн.,средствата и сега дојдовме во колапс дека не сме во можно да ги одржуваме тие преземања што ги направивме во општините. Тоа е факт. Јас велам еве и во моето Куманово ние имаме извонредно здравство, извонредна организација, меѓутоа, системот на финансираше не дозволува ова здравство да опстане како што е сега. Ние настојвуавме во претходниот период да направиме некој рез, меѓутоа, застанавме. Кога требаше да направиме рационализација викаме не може. Значи, ниту еден може да излезе од здравство, сите се потребни во тоа здравство и г-динот од Битола што дискутираше едно од Битола со 121 жител има преку 2000 и кусур вработени во Медицинскиот центар, јас се прашувам дали може тој медицински центар да се одржува со еден ваков начин на финансирање. Јас тврдам дека не, апсолутно не. Мислам дека најнормално е дека треба да постапиме најрационално, организациски да ги измениме доносите, да направиме рационализација и дури тогаш можеме да зборуваме за квалитетен закон кој ќе останат средствата за подмирување на другите потреби. Ние сега аудираме на граѓаните. Мислиме дека здравството може да се проширува, граѓаните ќе ги оптоваруваме со разни давачки и на крај ќе го решиме проблемот. Јас тврдам дека после 5 месеци пак ќе зборуваме за некоја промена некоја одредба во законот заради тоа што пак не ни достасуваат средствата. Јас ќе ви кажам едно искуство што го има Европската заедница. Во ЕЗ во која членуваат многу поекономски јаки држави таму дошле до еден ваков договор. Кај нив е веќе расчистени поим кој финансира. Ние си финансираме од стапка 8,6 од бруто личен доход. Меѓутоа, на Запад односно во ЕЗ финансирањето е конкретно кажано

финансира работникот, финансира работодавеацот, финансира државата. Овдека еден пример ќе ви кажам, да ја земам за пример Германија. Дека во Германија финансирањето од работникот е 70, од работодавецот 5,70, а државата учествува меѓу 3 и 5, 6%, што значи дека ингеренциите надлежностите во финансирањето во здравството се ептен одвоени, расчистени поими и до крај децидно кажани што се финансира од оваа стапка, од работникот, од работодаваецот и од државата. Така, тука нема никакви дилеми и мислам во таа смисла сите мораме нешто да направиме. Сега, ние дали сме зрели да го прифатиме овој систем на финансирање. Јас велам не. Зошто? токму заради тоа дека дури сега одиме во радикални промени во системот. Трансформацијата на општествениот капитал сега настана, а треба да чекаме две години да дојдеме во ситуација да имаме прав работодаваец, кој треба сега да финансира, бидејќи ќе ви кажам дека во Франција односно Италија работникот финансира само 0,30, а работодаваецот финансира со 13, 58%. Што значи дека тој повеќе финансира од еден работник и плус финансира и други според потребата. Во таа смисла мислам дека мораме да го расчистиме тој поим и ќе мораме да направиме еден квалитетен закон. Во таа смисла се вели финансира осигурување во случај на болест, медицинска помош и паричен надомест во случај на боледување итн. Тоа се финансирања. Основното го финансира државата. Сега во тој контекст јас го поддржувам предлогот за донесување на закон и Одредбата која е сметена во член 12 дека и државата треба да учествува. Меѓутоа, во Законот јас не гледам колку ќе учествива државата со кој процент. Меѓутоа, се кажани само одредени финансиски средства за подмирување на соодветни програми. Практично, можеби ќе излезе државата дека учествува со 10,15% и ќе бидеме надвор од нормите на Европа, а ние сакаме да одиме во Европа. Најконкретно, сакам да дадам и една општа забелешка во однос на

предложениот мислам дека промените во член 32 ги прифаќам комплетно, бидејќи тие во себе имаат превентивен карактер и нормално е дека превентивата треба да биде на терет на државата. Меѓутоа, секундарната и терцијалната дејност мора да биде на фондот. Меѓутоа, за да имаме такво нешто ние мора да имаме и прав фонд. Ние сега каков фонд имаме. Фонд при министерството односно самостален . СЕ нуди да биди самоста лен. Јас ќе ви кажам дека и тука ќе имаме дореднеи проблеми, заради тоа што секоја држава формира одреден фонд и смета дека тој е правен субјект и дека ги прифаќа сите обврски и задолженија во тој дел. Државата понатаму нема никакви ингеренции. А ние што правиме? Еве јас ќе ви кажам примерот низ призмата на пензиско и инвалидското осигурување, примерот низ Советот односно Републичкиот завод за вработување, па еве и низ призмата на овој Совет односно овој фонд и покрај тоа што само една надлежност врзано за Министерството не е самостален. Пак ќе дојдеме во ситуација во оваа транзиција дека ќе немаме доволно средства Фондот како субјект сам да учествува во финансирање на здравствена заштита, бидејќи на Запад има една единствена работа. Се договараат Фондот и здружението на лекарите, односно медицинските институции, не државата за цената на услугата која треба да биде дадена. Сега ние во Законот предвидуваме дека цената на услугата ќе ја определиме овде ние пратениците, практично со усвојување на самиот закон. Меѓутоа, самото решение мора да се бара и во таа ситуација дека ако ние оспособиме еден добар фонд, тој да бидеа самостален, да може да финансира, тогаш треба да предвидиме и одредена одредба како ќе дојде до договарање меѓу цената на услугата односно она што сакаме. Партиципацијата на населението колку треба да бидеа во рамките на лекарствата, услугите итн. Тука е многу сериозен проблемот така што ние сме оставиле една празнина, ќе нема кој да се договара, освен да кажеме дека фондот  по своја иницијатива ќе

одредува одредени цени без да ја чуе другата страна. Заради тоа што фондот ги брани интересите на субјектите кои го финансираат, а тоа значи работникот, раотодавецот и другите субјекти кои што учествуваат во тој фонд. Така во оваа смисла мислам дека е паушално овдека што ние одредуваме дека населението треба да партиципира 20%. Добро. ова искуство земено е од Запад и јас гледам, прочитав литература на Запад и таму се движи партиципација од 20 до 35%. Меѓутоа, нашата партиципација и структурата на население која е сега, која покажа пред една ГОДИЈ- кога имавме партиципација, ние дојдовме во една голема криза дека нашето население не може да го поднесе овој терет. Во таа ситуација сега пак вметнуваме нешто по сила на закон дека може наше население да го издржи тоа, без разлика на било што. Со тоа што ќе створиме еден голем проблем за неиздржливост на населението, заради тоа што просечен личен доход знаете колку е сите се на загарантира а најголем дел на луѓе одат под стечај да не кажам како невработени лица. Во таа смисла ние мораме да направиме една добра анализа, а да го оцениме и да го валоризираме она практично искуство што го имавме пред 2 години. Така, јас лично се соменвам дека овие 20% партиципација на населението нема да наиде на основен проблем. Така, на крај останувам со предлогот да го прифатам законот исклучиво како предлог за донесување на закон, со тоа што да имаме време уште да разработиме некои работи, да има своја практична вредност и други предлагам донесување на законите од одредени министерства нека направат една практична... , нека земат една општина, нека биде Берово, нека биде Дебар, не е важно да видиме како ќе се примени тој закон. Ние практично направивме голем закон, испечативме многу здравствени книшки, направивме голем товар на фондот и на крај се покажа како несоодветен и имавме огромни трошоци.

XII/6.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Трпеновски.

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:**

Јас морам да реагирам, навистина, едно класично неразбирање во двете претходни дискусии за системот на здравството. Јас реков дека тој систем е многу сложен и во сите цивилизирани земји бега од законската регулатива. Ќе спомнам, на пример, во Германија.

Вели дрогерите продуцираат лекови многу. Тие се продаваат преку фармацеутите многу. Лекарите препишуваат лекови многу. Заради одредени бенефиции. Што настанува? Криза во фондот. Што се воведува партиципација. Што е тоа? Тоа е корективен механизам кој што треба да ги научи и лекарите и граѓаните дека сите треба да учествуваат во решавањето на кризното прашање чувањето на сопственото здравје и здравјето на популацијата. Ние сега дојдовме до еден заклучок.

Дека во Фондот за задолжително здравствено осигурување приливот на средствата е 50% реално помал откако неговиот расходен дел. Тоа ... е заклучок. Како да кажеме кои се сите причини и небулози на таа состојба. Општество во транзиција. Со сите елементи кои што ни се јавуваат, стечајни работници, принудни одмори, слаба доходовност на работните организации поради блокади итн. Значи, изворите на средства за фондот за задолжително здравствено осигурување се во исуфициенција, не се функционални. Нормално дека граѓанинот за заштита на своето здравје треба да соучествува. Оттука таа партиципација како времен коректурен механизам. Тоа не е вечност. Камо нека ги подобриме состојбите на социјалните субјекти и оваа состојба ќе ја брише, камо да дојдеме во таква состојба да имаме таква доходовност во работните организации во приватен или државен сектор по оваа категорија да отпадне. Но, тоа ние треба да го створиме низ

транзиција, низ Законот за трансформација на сопственоста. Потоа нормално дека ја напаѓаме и здравствената мрежа. Ние не велиме дека здравствената мрежа е идеална. Меѓутоа, затоа се предлага една мерка, барем да се подобри односно да се воведе институтот управување во здравствените работни организации. Сега се наоѓаме во еден правен вакум ни делува системот на здружен труд, а тој знаете и видовте какви резултати даде и во какви кризни состојби не донесе. Затоа, мерките ги сфаќам како чисти, палијативни, времени, повторна радикализација на прашањето на здравството ќе дојде кога ќе заврши процесот на транзиција на сопственоста со базичниот закон што го донесовме, Законот за реприватизација. Тогаш можеме да разговараме во поинаков амбиент со други социјални субјекти и носители на развојот, со оние што господинот Бранко ги спомна. Точно е дека во цивилизираните земји државата учествува со од 25 до 30%, точно е дека менаџментот учествувал со 5% за своите работици или 10%, точно е дека граѓанинот и осигуреникот е малку оптеретен но сега кризава во здравството мислам дека со овие палиативни решенија може да ја одложиме и да создадеме една друга состојба после трансформацијата на сопственоста да имаме повалидни, поприкладни решенија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Андоновски.

**ГОЦЕ АНДОНОВСКИ:**

Јас, исто така, во прилог на ова Митре што го кажуваше само сакам неколку збора да кажам. Мислам дека не ми е јасно зошто она што практички е обврска на државата го префрлавме како неспособност и терет на здравството, на целината на системот за здравствена заштита.

XII/8

Јас вака, проштевајте али ќе кажам дека изгледа поголем број од овие пратеници не често се пациенти кај нас, па можат и вака да размислуваат. Ние не бараме вишок на средства. Со овој систем на собирање на средства, со овој начин на собирање на средства, ние оствaруваме од потребните средства 44% од изворните приходи. Секаде во светот, секоја сериозна држава најмалку на таа превентива и тие мерки и активности од превентивата треба да даде 25%. Ние мораме да пласираме дел на наши обврски што се сега моментално сакаме да ги ставиме во овој празен фонд да пласираме како државна обврска. Не можам да разберам дека во моментот постои таква сива економија што државата, затоа што не нашла начин да уреди, да усвои еден даночен систем каде што ќе може дали со црини, со даноци, ќе му помогне на здравството тоа да го земеме само како грев на здравството. Јас не велам дека не постојат услови за рационализација во здравството. Напротив, треба и сите ние што останавме овдека рековме дека потребна е ирационализација, потребни се и радикални промени во системот на здравствена заштита, како н~ во системот на здравствено осигурување. Меѓутоа, во моментов како нужна мерка од кратко- рочен тип, не од долгорочен тип се наметнуваат овие две работи. Едно, мора да земе^дел државата, друго, партиципација, иако не е најпопуларна мерка. Ние сме свесни за тоа. Меѓутоа, во услови на немање на пари граѓанинот секако ги плаќа тие средства. Еве сега, иако имаме обврска како здравство ние да обезбедиме лекови за пациентите, ние не сме во состојба тоа да го правиме, затоа што немаме финансиски средства. Иако ние сме обврзни како здравствена заштита да обезбедуваме санитетски материјал, тоа не го правиме. А тие учествуваат во вкупните расходи во здравството, едните 15, другите 12%. Лекарствата учествуваат секаде 15% во вкупните расходи во една здравствена

организација. А тие ги земаме директно од пациентот. Материјалните трошоци учествуваат најмалку 10 до 12%. Од тие причини мислам дека за овој момент како рационално решение, додека не се изготви тој зак а мора да следува трансформација на здравствената заштита како во сите три целини, државното здравство, системот на здравствено осигуруваше и системот на здравствена заштита. Но, тоа мора да се направи со една подетална анализа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Арсовски повторно се јавува, нема реплики. Него го спомнаа во дискусијата.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Сега јас не сакам да кажам класично знаеме, не знаеме, не се впуштам во таква дискусија, заради тоа што јас го кажувам моето мислење, а тврдам дека имам изворни податоци и тоа сериозни податоци светски, европски. А ова што го зборував за стапките тврдам дека тоа мора да се определи, државата мора да знае кој издвојува дека 5, 3% или колку е таму од државата се знае во"таа превентивна заштита и дека работникот и работодавецот овде и во Франција и во Италија и во другите земји кои се членки на ЕЕЗ дека знаат што издвојуваат за здравст§о и знаат што бараат од здравството. Дека таму е регулиран проблемот на фондот, се знае фондот што работи. Ние имаме формално фондот, немаме во права суштина фондот кој може да ги подмирува трошоците и јас не кажав дека одам во однос дека државата многу издвојува. Јас баш напротив видов во прилог на здравството дека за здравството малку издвојуваме како држава во вкупната маса. Проучете и ќе видите дека ќе дојдете до бројка и ќе се коригирате во вашето мислење.

Второ, дека работодавецот и работникот во капитализмот издвојува, еве само една Франција да ја земеме, околу 18%. Нашата стапка колку е? Па, 8,6. Зошто тогаш разговараме дали го познавам или не го познавам. Јас познавам дека ние имаме издвојување од 8,6 кое е многу малку.

XIII/1 JJ/НД

**БРАНКО АРСОВСКИ**: (Продолжение)

И заради тоа треба да се прилагодиме на состојбата заради тоа што овој закон го донесеме нема практична примена. Во тоа е целата работа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор министерот Тофовски.

**ЈОВАН ТОФОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, ислушавме доста работи дека здравството навистина е оптоварено со многу проблеми и многу корисни предлози паднаа овдека за идни можни решенија итн. Јас сакам да кажам една работа дека ние во суштина имаме едно добро здравство, едно здравство што е по европски мерила во однос на кадарот, во однос на просторот, во просторот е предимензионирано а и по кадарот, бидејќи имаме 1000 лекари невработени стоматолози, а од друга страна што се однесува до опремата, навистина таа е многу застарена, некој од колегите кажа тука до 70%, така што има рендген апарати и не можат да се поправат и ги зрачат и лекарите и пациентите и др.

Што се однесува до лекарствата. Средства за лекарства има само една петина од тоа што е потребно и затоа граѓаните тоа го плаќаат приватно. Толку има пари зошто толку има пари. Здравство то не може да работи без пари. Не мора да работи без средства и мора да ги следи сите трендови што се во општеството.

Јас само да кажам дека покрај другите занимации, додека оваа година собиравме хуманитарна помош и дека таа хуманитарна помош само од големите, од организираните помошти што ги добивме, од Европската заедница, од Програмата СОРОС, од Британската влада.

Програмата ФАРЕ, се собраа 17,-5 милиони долари. 17,-5 милиони долари, почитувани пратеници, во најквалитетни лекарства во конци, анасастетици, дијализери, во инсулин и средства кои беа неопходни за да се пружи помош на нашите пациенти, зашто во спротивен случај ќе се случеше нешто ако ги немавме или пациентите кои умреа или здравствени те работници како што во време и се правеше се одземаше од нивната плата и се купуваа, па затоа платите каснат. Меѓу другото втората половина од платата за мај на здравствените работници уште не е поделена. Зашто зборуваме дека се потребни средства. Средства се потребни а Законот го донесе ова Собрание. Само во времето кога беше донесен законот кога основицата за таа стапка беше многу повисока скоро 10 пати. Со опаѓањето на основицата се намалија средствата. Во меѓувреме станавме независна држава опкружена со воени подрачја, каде 85 или 90% средства лекарства и потрошни материјали требаше да ги купуваме за девизни средства. Каква е состојбата пак на стопанството е познато

Да напоменам само и тоа дека во здравството користиме 29 илјади разни предмети и во секојдневна употреба во нормални услови се користат 1500 лекови. Сето тоа треба да се набави да го има, и да се плати. Во ова време успеавме благодарение на помошта да ги обезбедиме болничките установи да не се одложи ниту една операција да не ни настрада ниеден пациент поради немање на лекови и иако досег здравството и вака и така живурка како што овде некој рече, поодамна не биле така добро снабдени болничките установи. За другите немаме средства. Засега со овие средства е невозможно да се работи.

Во овој предлог за измени и дополнувања на Законот правиме една многу мала работа, практично без многу промени. Тоа што Владата го предлага е, не се никакви промени во однос на она што постоеше во постојниот закон. Тоа што зборуваме за превентивната здравствена заштита е резултат на разбирањето и сфаќањето и на Владата, а овие

предлози беа четири пати на расправа на сите комисии во Владата, потоа на еден посебен состанок со министрите во Владата и имаше една посебна седница на владата барајќи начини да се изнајдат средства за да се покријат овие елементарни работи. Да сопмнам дека кај нас бруцелозата ќе претставува сериозен проблем зашто нема ниедна општина каде што нема бруцелоза. Веќе имаме голем број болни и на сите тие откриени уште по пет неоткриени и тоа е еден огромен процент што се шири и ако не му застанеме на патот немаме пари да го спречи Туберкулозата е во пораст токму заради сите тие познати фактори од социјални и сл. Затоа се одредија средства за посебните програми кои минаа, вие ги изгласавте во Буџетот за превентивната здравствен заштита и заводите за здравствена заштита се за да си ја вршат таа функција зашто едно прескокнување дали е тоа имунизација, вакцинација, тубрекулински проби итн. ако не го платиме сега ќе го платиме по една две години многу поскапо ако дојде до епидемија. Тоа не сме ме да го напуштиме. Досега успеавме некако да го покриваме.

Јас би сакал да замолам и да кажам дека ова е времена мерка и дека Министерството работи со здравствениот совет, со Медицинскиот факултет, со Лекарската комора и со Македонското лекарско друштво на еден широк план на изработка на еден нов концепт на здравствена заштита. Тоа не е само со наши сили, соработуваме и со луѓе од Запад, од Велика Британија со експерти за организација на здравствена служба кои се лекари во центарот на здравствената од Копенхаген Добиваме човек кој што ќе ни помогне за ова, а неодамна во разговорите со светската банка разговаравме за можностите за реструктуирање на фондот за здравствена заштита односно финансираше на здравствена заштита и здравствената служба каде што се потекнаа и идеи не само со помош од нивни експерти кој што поарно ја познаваа

работата од многумина од нас кој што чуле, виделе итн., и кои што изјавија дека се спремни во извесна мера да учествуваат со финансирање. Тоа се разговори, зборови, не ме држите за збор, но мислам дотогаш предлагаме и би ве замолил да го усвоиме овој предлог на закон како што го предложи Владата, т.е. со осумте превентивни програми и со усвојување на партиципацијата. Во партиципацијата која што постои во Законот и порано не е изменет ни еден збор ни една цифра. Само Уставниот суд, тоа што на сите ви е познато ја укина партиципацијата заради процедурални формални прашања затоа што Собранието го беше овластиле Министерството претходно да донесе Правилник, тој правилник беше усвоен функционираше одлично, е сега немал право да се донесе со правилник него требало да го донесе Собранието. И само заради тоа процедурално прашање е укинат без никакви замерки на висината на тие проценти. Овие,господа пратеници што кажаа дека се 20%, што 20%. Од болничкото што, од другото што? А прочитајте го наредниот член колку се ослободени кои се болесници се ослободени од тоа. Така да ќе видите да сето тоа ако го соберете дека практично партиципацијата не е 20% на сето она што е,туку ќе биде 5% во целина ќе се собере. А впрочем,ако и од тие 5% ќе платите некаде 5-6 илјади денари, а за еден преглед ќе платите 6 денари. Земете предвид дека тоа треба да се наплати. Од друга страна не е голема давачката за тоа а ќе ја ограничи потрошувачката. Кај потрошувачката, имаме примери, после воведувањето на партиципацијата се намали бројот на пациентите зашто пред тоа имаше 300% пациенти кои сакаа да прегладнат те ова, те она,а кои не се витално загрозени туку некој од нив така и без потреба одеа на лекар.

Зборувавме тука за социјални случаи. Сите работи што треба да ги врши здравството треба да се плаќа. На здравството никој ни каматата не му ја симнува. Плаќа камата за струја 1250, лебот не му се

испорачува ако не го плати, тоа е за болните а не за друг, како и лекови, а од друга страна треба и за социјала. Социјалата треба да ги покрие социјалата, државата а не некој друг. Ова се е во расход на плати. Затоа да не бараме решенија од болен човек да затвораме уште сега за оваа работа. Само да напомнам и тоа дека ние имаме здравствено осигурување кое пружа многу големи права, лекување во странство и секаде кое дава компјутерска обработка, која дава врвна работа во операции и сите други работи, за плаќање по глава, по член на неполни 2 долари месечно. Зборуваше еден од пратениците тука дека во Америка, да само во Америка е 150 долари месечно а таму никој не прави заби без пари, никој не зема наочари без пари, никој плацента не добива без пари итн. Кај нас се сите можни права со 2 долари по човек од оние кои што плаќаат. А овде е една маса и што не плаќаат. Затоа велам дека и во осигурувањето не да оди на буџет туку нека оди по плаќање на осигуреник, ако е по куќа по куќа, ако е по кола по кола, ако е по глава, по глава. Тука се можни разни модалитети. После овие разни студии што ги правиме ќе излеземе пред вас со една стратегија и од тука со Предлог на закон со варијанти за да го донесеме другиот закон.

Сега би ве замолил да го усвоиме овој предлог зашто ќе помогне со тоа не само што ќе придонесе мал дел во здравството, делот е мал, но, ќе ја ограничи непотребната потрошувачка што е од огромно значење. Така на оние што им треба, ние ќе имаме навистина, можност да имаме и реагенси и контрасти и рендгенски филмови итн.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор господин Ѓорчески

XIII/6

**БРАНКО ЃОРЧЕСКИ:**

Почитувани колеги, во основа ако го погледнеме законот односно предлогот за изменување на Законот за здравствена заштита, сигурни и како пратеник и како луѓе кои секојдневно ги следиме состојбите во здравството, ќе сфатиме дека носат промени што значат подобрување на состојбите во здравството. Меѓутоа, мислам дека и со овие промени се ограничуваме само на она што треба да се земе од општеството, а никако да смогнеме сили малку да се свртиме кон проблемите со кои се соочуваме внатре во организацијата.

Мислам дека навистина и покрај сите напори и напори што се прават во здравството, очигледно мислам дека тука сигурно Министерството не може да се извлече од таа ситуација, минимум напори направи внатре во смисла на организација на здравството и адаптирање спрема она што може да го пружи општеството. Не бегајќи од една ситуација, односно знаејќи одредени- оказзтели кои кажуваат дека придонесите за здравство и партиципацијата се плаќаат со многу ниска стапка да не кажам дека некаде излегува и под 50%. Меѓутоа, минатата 1992 година имаме показатели дека придонесите за здравството многу организации не ги плаќаат. Оттаму било какви промени што значат зголемување или додатно оптоваруваше или ставање на товар на државата одредени активности што треба да се спроведат во здравството, сепак претставува додатно оптоварување на едно општество, кое што навистина прави максимум напори да се адаптира во новите услови на живеење и политичко уредување.

Второ мислам дека иако и во поранешните периоди беа правенИ напори за реорганизација, очигледно сега немаме сили внатре во здравството и во организациите максимум да ги искористиме сите

капацитети што ги имаме, кадарот,потенцијалот, па напротив докажуваме дека кадар имаме во сите сегменти, во сите општини, во сите градови и во сите да не кажам селски амбуланти. Оттаму, сметам дека сите мерки што сега сакаме да ги преземеме не ќе дадат резултати. Иако ние имавме еден закон кој што овде под притисок на нашите колеги, лекари, пратеници го изгласавме, нема резултат а гледаме што е.

Мислам дека ние преживуваме еден период во кој што би требало да смогнеме максимум напори, да не има големи последици во однос на здравјето на луѓето и поколенијата што доаѓаат. Меѓутоа, во овој период кога и светот настојуваше да ни помогне ние искажавме огромни слабости. Пред се тоа се слабости на Министерството во смисла на она што значи помош од Европа, каде што дури земавме одредени лекарства и лекарски помагала што ги имаме овде на располагање а ги купувавме, односно правевме една листа што ни треба и ги плаќавме далеку поскапо. Сето тоа влијае и на она што може внатре во Републиката да се помогне и на некој начин да се пружи во здравството и во организациите, како би можеле да се надминат проблемите што сега ги имаме.

Мислам ако така продолжиме и она што го имаме како дел од производи во Републиката и организациите кои што можат да пружат поддршка ќе ги доведеме во ситуација да не можат да опстанат и тоа производство што го имаме тука да го уништиме.

Сметам ако веќе расправаме за еден ваков закон, односно за измени на закон, да му дадеме поддршка, меѓутоа мислам дека Министерството не може да ја избегне одговорноста за одредени ситуации кои што настанаа во организациите што произведуваат одредени лекови и медицински помагала, имајќи предвид се она што се

увезе односно преку листата како помош од Европската заедница дојде во Република Македонија, и придонесе тоа што го имаме овде, да го率 земеме од надвор, а тоа што го немаме, и денеска го немаме и можеби тешко ќе го имаме, се даваат огромни средства со кои можат да се снабдат лекови за одредени болни а кои не можат да се добијат со помошта. Мислам дека со денешнава расправа и со оваа промена тешко ќе се најде полесно решение. Меѓутоа, ова би го прифатил како еден преод период кој што предизвикува додатни размислувања и на Владата а мислам и на Комисијата за здравство посебно во Собранието зашто во Парламентот имаме доста стручњаци од оваа област кои што заедно со стручните луѓе и во стопанството и во Републиката може да се изнајде решение. Не може една област да се развива а да гледаме како пропаѓа стопанството. Многу организации тешко доаѓаат до личен доход, многу луѓе не можат да обезбедат партиципација и ние бараме додатни оптоварување во било кој сегмент.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

За збор се јавува министерот за здравство.

**ЈОВАН ТОФОВСКИ:**

Овдека, од оваа говорница се кажуваат одредени невистини и јас сакам тоа да го демантирам, наиме, Министерството нема правено никакви листи со кои барало производи кои овде се спомнуваат и де правело такви работи. Затоа молам да се води сметка кога се зборува нешто, ако некој купува,и ако сака да продава нешто. А друга е работата што се работи за немање средства и немаме влијание во купувањето, ве молам тие работи да не ги мешаме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Повторно сака збор господинот Ѓоргевски.

XIII/9

**БРАНКО ЃОРЧЕСКИ:**

Кога веќе ја отворивме оваа расправа јас ќе поставам едно прашање дали постои некоја организација, мислам стопанска која што произведува одреден дел и некому да му го дава без пари. Во светот или кај нас го нема. Прво јас ќе кажам дека не постои. Кој и да произведува лекарства и помагала преку одредени фондови некој мора да му ги плати. Вработените работници таму мораат да земаат плата. Според тоа, тргнувајќи од тоа никој никому не дава бадијала. А тие листи кој ги подготвува, мислам дека во секој случај колку да кажуваме дека не се подготвувани листи во Министерството, сметам дека постои одредена документација за која што можеби тука не треба да се расправа од каде што се гледа од каде се нарачувани и на кој начин се обезбедувани. Така да за зборување на невистини мислам дека сепак треба да се има додатни аргументи. Јас уште еднаш повторувам, незнам дали сум доволно јасен, било која производствена организација, што произведува лекарства или помагала никому не ги поклонува. Може да поклони пет, десет но во голема количина, некој фонд, некоја организација, дали Европска банка, дали Европска заедница, тие мора да ги плати. Тие некој да ги плати, некој за тоа треба да даде список дека тоа некому му треба. Може ли некој да испорача друго што тебе не ти треба, или ти не си изразил желба дека имаш недостаток. Мислам дека тоа е нон сенс.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Пак има збор господинот Тофовски.

**ЈОВАН ТОФОВСКИ:**

Фирмите не даваат без пари. Европската заедница кога ја дава помошта ја врзува со набавка од одредени земји кои што се членки на Европската заедница или земји поврзани и тоа е нивно право и ние не се

мешаме во тоа. Ние и не можеме да се мешаме во тоа. Не заборавете дека ние кога сме давале помош порано во Бивша Југославија, на други земји, дали тогаш била Алкалоид или било која друга фирма дадена е помош и тоа е така. Што се барало се барало, а сме барале дијализери и нив пак ќе ги бараме зашто за два месеца ќе ги снема и тешко нам кога ќе ги снема од каде ќе ги најдеме кога нема средства. А она што недостасува е барано а не е барано тоа што се произведува тука и за тоа е водено сметка. Барано е да се земе од Алкалоид, од нашите фирми што произведуваат наводно под пропозициите на Европската заедница бидејќи се купува за девизи, не се купува стока од тие земји во кои што се дава помошта. Ние сега правиме обиди за програмата ФАРЕ, колку може Алкалоид да се вклучи во таа работа со сопствени производи да добие суровини, затоа да испрати лекови и некои други работи. Тоа се прави. Меѓутоа, не станува збор за никакви работи за штета на оваа земја и на ова стопанство овде.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Ѓоргевски по трет пат.

XIV/1 ЈМ/СЛ

**БРАНКО ЃОРЧЕСКИ:**

Ретко излегувам на говорница, според тоа дајте ми шанса да кажам. Во секој случај и министерот има право. Меѓутоа, факт е дека наведе дека сме барале дијализери. Значи листите сме ги правеле овде. Тоа е една потврда. Втора, има дел од производи кои што се од јапонско производство, не се од европска заедница. Значи истите можеле да се набават овде, а за цената мислам дека тоа е последна точка за која треба да се дискутира по која цена се набавени.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, има прашања кои можат да се разрешат како пратенички прашања, а не како расправа по законот.

**ЈОВАН ТОФОВСКИ:**

Документацијата за сета помош е примена. Имаше пратеничко прашање, целокупната документација е волкава (објаснува со раце колку е голема документацијата), ја доби госпоѓа Гулистана, можеме да ја земеме и да се види колку е цената и чија цена е поголема.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

XIV/2.-

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за здравствена заштита.

Кој е за, молам да крене рака? (68 пратеника).

Дали е некој против? (Никој).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Законодавно - правната комисија предлага на оваа седница да се претресе и усвои само предлогот за донесување на овој закон.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон?

Кој е за, молам да крене рака? (55 пратеници).

Дали некој е против? (2 пратеника).

Дали некој се воздржува од гласање? (5 пратеника).

Очигледно некој не гласал. Имаме 63 присутни пратеници.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Пратениците Никола Стојановски и Стојмир Цветковски поднесоа амандман на член 12 за внесување нов член 12-а. Меѓутоа, на седницата на Комисијата за здравство го повлекоа.

Пратеникот Никола Стојановски поднесе амандмани на член 11 за додавање нов став 2 по ставот 1 и на член 12 во новиот член 76-а точка 3 и 6 и во новиот член 76-б за додавање нов став 2 по ставот 1 со кои Владата не се согласила.

XIV/3.-

Комисијата за здравство поднесе амандмани на член 3 став 2 и за додавање нова точка 9 и за додавање нов член 13-а и истите ги повлече.

Комисијата за здравство поднесе амандмани на член 3 став 2, 3 и 4 и за додавање нова точка 9 и на член 11 став 1 алинеја 2 по кои Владата не се произнела.

Комисијата за здравство поднесе амандман за внесување нов член 13-а со кој не се согласил претставникот на Владата.

Група пратеници поднесоа амандман за внесување нов член 13-а со кој Владата не се согласила.

Пратеникот Благој Тошев поднесе амандман за додавање нов член 13-а по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Ферид Садику поднесе амандман на член 12 во новиот член 76 за додавање нова точка 3-а по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 3 став 2, 3 и 4 и за додавање нова точка 9 поднесен од Комисијата за здравство.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Владата се изјаснила можеби на седница на Владата, но не се изјаснила на седницата на Комисијата и сега овде треба да се соопшти ставот на Владата.

**ЈОВАН ТОФОВСКИ:**

Ставот на Владата е тој, потребата е огромна, но не можеше да се најдат средства и заради тоа Владата се изјасни да не го прифати амандманот.

XIV/4.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

Дали некој бара збор?

**СТОЈАН КОВАЧЕВСКИ:**

Јас сакам да го потсетам Собранието дека кога расправавме за Буџетот на Република Македонија за 19 93 година истиот амандман со содржина која што се пресели на обврските на Буџетот беше изгласан со 40 пратеници за. Владата со свој амандман го поништи практично гласањето во Парламентот кое што доби поддршка, се однесуваше пред се за трошоците специфични направени само за делот за дијализа која што претставува најголема ставка во трошоците и за вкупното здравство, најголем товар за Фондот и најголема несигурност за пациентите кои што ги има 800 во Република Македонија, чиј број од ден на ден се зголемува заради некои правила, законитости кои што постојат. На милион жители 100 нови кандидати за дијализа. Тоа е правило во цел свет, па и во Македонија Ние на два милиони, 20 0 кандидати во просек добиваме нови пациенти за дијализа. Тој трошок јас само кратко да ми дозволите покрај преобемните дискусии кои што беа тука, јас знам дека Собранието е веќе нестрпливо да кажам дека еден пациент на дијализа само специфичниот трошок за дијализа вреди колку илјада други граѓани на Република Македонија. Тој трошок при состојба кога чувме од министерот 2 долари месечно се издвојува за здравственото осигурување на целото семејство под услов ако не се вработени останатите членови, значи има право со два долари петчлено семејство да се осигура за еден месец, тогаш од каде оптимизам дека ние во Република Македонија ќе обезбедиме сигурност во лекувањето на пациентите за дијализа кога месечните трошоци на пациент за дијализа

само за дијализа изнесуваат некаде 1.500 ДМ. Според тоа, редно е веќе да не правиме стресови за пациентите и за нивните семејства, не знам колку седници ја споменуваме дијализата, не само тие кои што се занимаваме со тој проблем. Денеска вие бевте сведоци колку па- ти од говорницата и не само од лекарите беше споменат проблемот на дијализа. Затоа мислам дека крајно време е денес Парламентот да го поддржи амандманот бидејќи еднаш веќе ние и го поддржавме минатиот пат кога гласавме за буџетот. Овој пат мислам дека треба да се исполни оној услов кој што се бараше. Образложението беше не може да се прифати амандманот заради тоа што нема законски основ, Тоа беше целото образложение. Еве денес шанса Собранието да остане доследно на себе, да го поддржи амандманот за да се создаде законски услов и тоа преку програма која што ќе ја усвојува Владата. Значи можеби нема оваа Република да има средства за сите трошоци, но барем дел од средствата да бидат на некој начин барем со ребалансот на Буџетот оваа година надополнети,.^бидејќи Фондот .... не може никако да го издржи трошокот за дијализа. Тоа го чинат државата интервенира во сите држави, па мислам дека треба да создадеме законска основа и оваа држава да партиципира.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Мислам дека се потврди оваа теза што јас претходно ја констатирав дека Фондот сепак ќе се најде во една многу лоша положба за да ги подмири овие да не кажам болести кои бараат големи финансии. И не случајно на претходната седница кога се предлагаше овој амандман бидејќи немаше законска основа, дел на пратеници бевме и против, меѓутоа сега се создава законска основа и треба да го поддржиме овој

амандман баш заради тоа што предложените болести имаат во себе социјален карактер и тоа сериозен социјален карактер. Така што јас професионално се занимавам со тие проблеми и често пати се доведуваме во ситуација да овие лица примаат одредени социјални давачки, односно примања според Законот за социјална заштита и за пат и за семејство итн. И во таа смисла мислам дека има основа државата овде да влезе и да помогне и затоа го прифаќам овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (61 пратеник).

Дали некој е против? (Никој).

Дали некој се воздржува од гласање? (2 пратеника).

Констатирам дека Собранието го усвои амандманот на член 3 став 2, 3 и 4 и за додавање нова точка 9, поднесен од Комисијата за здравство.

Отворам претрес по амандманот на член 11 став 1 алинеја 2, поднесен од Комисијата за здравство.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по амандман на член 11 став 1 алинеја 2.

**ЈОВАН ТОФОВСКИ:**

Предлогот на Комисијата беше да се брише ампуларната терапија, но сметаше дека во партиципацијата што ја внесуваме да биде с§ исто како порано. Останувaме при тоа да не се брише, да остане како што е

досега. Владата не го прифаќа амандманот на Комисијата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, кој бара збор?

**ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, мислам дека министерот има право заради тоа што во амбулантна практика за инекциона терапија не се партиципира. Според тоа би било неправедно да хоспитални болни, а знаеме кога се хоспитализираат да им наплатуваме партиципација.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (13 пратеници).

Дали некој е против? (Никој).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 11 став 1 алинеја 2,. поднесен од Комисијата за здравство.

Отворам претрес по амандманот на член 11 за додавање нов став 2 по ставот 1, поднесен од пратеникот Никола Стојановски.

Молам, кој бара збор?

XIV/8.-

**НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, во општата расправа падна доста дискусија за партиципацијата и овој амандман се однесува на партиципацијата. Партиципацијата е непопуларна регулатива и таа беше, па не беше и сега наново се предлага. Таа има две цели. Едната е да се на некој начин пациентите, однос- но муштериите на здравство да се стимулираат да не одат често и за непотребни работи на лекар со тоа што ќе треба да платат. Другата цел е некои средства да се приберат. Меѓутоа, мора да се води сметка за одредени слоеви кои не се во можност, кои најчесто се муштерии, односно кои се најчести гости во амбулантите и во здравствените установи да бидат на некој начин бенефицирани во однос на партиципацијата. Предлогот не е за тоа да се тотално одбие партиципацијата, туку таа да се намали. Се предлага во член 11 да се намали партиципацијата од 20% на 10% за цената на здравствени- те услуги и лековите и второто е од 10% да се намали цената на здравствените услуги и болничкото лекување на 5%. Додека оној став кој се однесува на лекување надвор од земјата си останува исто како и за другите пациенти. Тоа е предлогот. Ако се има во вид дека пензионерите 130 илјади од 200 илјади има тензија под просечна, а од нив 80 илјади кои се со минимална пензија, мислам дека е оправдано да се бара одредено намалување на партиципацијата. Тоа е што се однесува до првиот амандман. Овие пациенти се и најчести и меѓу нив се доста и инвалидизирани и кои се со нај- чести заболувања кардиоваскуларни, реуматични заболувања и други заболувања и дијабетичари и затоа се бара оваа изнимка, односно намалување на партиципацијата.

XV/1 нн/вц

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (36)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 11 за додавање нов став два по ставот 1 поднесен од пратеникот Никола Стојановски.

Отворам претрес по амандманот на член 12, во новиот член 76-а,точка 3 и 6 и во новиот член 76-6 за додавање нов став два по ставот еден поднесен од пратеникот Никола Стојановски.

Молам, кој бара збор?

**НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ:**

Таа точка гласи: Работниците во врска со лекување, рехабилитација, повреда на работа и професионални болести се ослободуваат од партиципација". Предлогот е да се земат и оние работници, односно корисници на пензија кои се инвалидзирани. Мислам дека е наполно оправдано лицата што се инвалидизирани и отишле во пензија да го имаат ова право.

По точката 6, лицата постари од 65 години во живот и корисници на пензија, тоа еона што пред малку го образложував и додавањето на нов член, а тоа е намалување на партиципацијата за ортопедски помагала од 20% на 10% и на други протетски помагала, како што се протези, ортопедски и други помагала од 50% на 20%.

Мислам дека овој амандман би требало да се прифати.

**ЈОВАН КОТЕВСКИ:**

Ваков амандман имавме на Владата и се изјаснивме дека не може категоризација на осигурениците да биде, дали се пензионери или не се. Има пензионери кои што имаат многу поголеми плати, а има и многу што се мали, а над 65 години, категоријата што е земена во Законот, за таа се сите изедначени.

**НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ:**

Јас реков пред малку дека 130 иљади пензионери примаат испод просечна пензија, а од нив 80 иљади минимална пензија. Според тоа, не можеме да ги изедначуваме со другите -кои се здрави и кои се во работен однос.

**ЈОВАН ТОФОВСКИ:**

Има логика да се прифати за инвалидизирани лица – пензионери, кои што се инвалиди на трудот, како последица на тоа ослободени од едно, од друго.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи овој амандман се прифаќа.

Овој амандман станува составен дел на законот.

Отворам претрес по амандман на член 12, во новиот член 76-а, за додавање нова точка 3-а, поднесен од пратеникот Ферид Садику.

Молам, кој бара збор?

**ФЕРИД САДИКУ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, амандманот го поднесувам од причини што познато е до кој степен се загрозени граѓаните кои примаат социјална помош. Поради тоа во никој случај не би требало овие лица да партиципираат во трошоците за лекување, затоа што нивната и онака тешка материјална состојба уште повеќе би се влошила. Евидентно е и тоа дека со распаѓањето на екс Југославија

голем број граѓани, односно добар дел на граѓани кои беа принудени поради воените дејствија во тие републики да се вратат во Македонија, а истите се вратија без да имаат средства за егзистенција а и не се во можност за така кратко време да го регулираат прашањето на социјалното осигурување. Од овие причини сметам дека амандманот треба да биде прифатен со што би се ублажила и онака тешката состојба на таквите граѓани.

Уште нешто би додал на сето тоа. Повеќе би трошел граѓанинот кој прима социјална помош ако сака даги поврати средствата што ги платил за пружање на истата, повеќе би чинеле трошоците односно таа процедура многу би се пролонгирала.

Затоа мислам дека амандманот треба да се прифати.

**ЈОВАН ТОФОВСКИ:**

Јас ја разбирам хуманоста на предлогот, но сакам да сфатиме дека здравството не е социјална установа и сите свои тешкотии и загуби ги покрива за сите од тоа. Овие ако се социјални случаи, спаѓаат во социјала,социјала ќе ги компензира трошоците за тие што се регистирани. Здравството да не биде тоа што ќе ги сноси трошоците. Затоа не би го прифатиле амандманот во закон за здравство. Тоа треба да биде во закон за социјала.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Мислам дека со постојниот закон партиципацијата за корисниците на основни права, според Законот за социјална заштита ги партиципира министерството за труд и социјална политика. Тоа е уставено и тука нема некој проблем. Меѓутоа ако сакаме како категорија сега да ја ослободиме од плаќање вашиот амандман ќе мора да се допрецизира. Таму е кажано дека корисници на социјална помош... тоа е општ поим, па треба да се прецизира - корисници на основни права според Законот за социјална заштита.

Тогаш имаме прецизноот и се однесува на категорија социјални случаи кои користат постојана парична помош, сместување во друго семејство, во ОЗТ и т.н. Од тој аспект го прифаќам амандманот меѓутоа да се допрецизира.

**НИКОЛА КРСТЕВСКИ:**

Амандманот треба да се прифати. Во учество треба да се претпоставува оној кој остварува приходи, односно личен доход кој може да учествува. Овие шест денари по лекарски преглед што ги кажа министерот се симболична сума, јас сметам тие не треба да ги сносат, бидејќи немаат никакви приходи. При повраќањето од центарот за социјални грижи, администрирањето е поскапо. Превозот е уште поскап. Ние на здравството денес му доделивме 11 милиони денари, па не рековме помош е, да ги ослободиме. Јас сметам од таа симболична сума, 6 денари по лекарски преглед може да бидат овие ослободени затоа што се претпоставува оној кој остварува приходи.

Друго, со пензионерите, просечно пензионерите имаат ниски пензии. Оние што имаат високи пензии имаат и лични лекари. Не треба од таму да извлекуваме заклучок.

**ЈОВАН ТОФОВСКИ:**

Не е проблем во тие шест денари или колку ќе биде, но принципот е здравството да не биде социјала. Парите на здравството не му ги дадовте, ги дадовте за сите нас да се заштитиме од тоа.

Јас мислам дека има едно недоразбирање во амандманот, читајќи го овде, се согласивме за амандманот за инвалидска пензија, а во точка 6 стои "и корисници на пензија". Дали тоа значи на сите пензионери или не. Ние рековме не за сите пензионери, само за оние што се инвалидски пензионери.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа е амандманот на господинот Никола Стојановски. Тоа го минавме.

Овде има еден спор за претходниот амандман, не за овој.

Сега е 17 часот. Ако сакаме навреме да доаѓаат луѓето треба и навреме да ги пуштиме.

Ве молам, ако Владата има спор околу претходниот амандман до вторник нека си го расчисти со господинот Стојановски.

Сега предлагам да прекинеме со работа, а да продолжиме во вторник во 10 часот.

Ве молам, нема веќе списоци, но како денес да дојдеме сите,

(Седницата прекина во 17,00 часот).